# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сектор за претприемништво и конкурентност**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕКТОРОТ НА МСП ЗА 2009 ГОДИНА

**Ноември 2009**
Авторските права на овој извештај ги задржува Министерството за економија
Барањата за користење на овој документ во целост или на делови од истиот се доставуваат до Министерството за економија - Секторот за претприемништво и конкурентност

# Содржина


Листа на табели и графикони....4
Кратенки ....5
Предговор....6
Хронологија ....8
**1. Макроекономска состојба....13**
1.1 Макроекономско опкружување во Република Македонија ....13
1.2 Бруто вредност на производството според основни цени ....15
1.3 Бруто додадена вредност по основни цени....18
**2. Правна рамка ....21**
2.1 Отворање на бизнис....21
2.2. Едношалтерски систем за регистрација....22
2.3 Класификација на претпријатијата....23
2.4 Занаетчии ....54
2.5 Трговец поединец ....56
**3. Претпријатија во Република Македонија- големина и структура ....25**
3.1 Претпријатијата во Република Македонија....25
3.1.1 Активни претпријатија по сектори.... 25
3.1.2. Активни претпријатија по градови .... 51
4.**МСП и надворешната трговија....31**
4.1 Извоз од Република Македонија....31
4.2 Увоз во Република Македонија....33
5. **МСП и вработувањето....36**
5.1 Вработување во Република Македонија ....36
5.2 Самовработување....37
5.3 Вработување по сектори на економска активност ....40
5.4 Вработување според видот на сопственост на претпријатијата ....41
5.5 Невработеност во Република Македонија....42
**6. Финансиска состојба и финансирање на МСП ....45**
6.1 Добивка (профит) и загуба на претпријатијата....45
**7. Даночна политика....48**
**8. Бизнис демографија и бизнис динамика....50**
8.1 Активни претпријатија по општини....50
8.2 Занаетчии....53
8.3 Трговец поединец....55
**9. МСП Иновации истражување и развој....57**
**10.Профитабилност, инвестиции и финансии....59**
Користена литература....62

# Листа на табели и графикони

Табела 1-1 Основни макроекономски показатели 12

Табела 1-2 Бруто вредност на производството по сектори 15

Табела 1-3 Бруто вредност на производството по вид на претпријатија 16

Табела 1-4 Бруто додадената вредност по сектори 17

Табела 1-5 Бруто додадената вредност по вид на претпријатија 19

Табела 2-1 Трошоци поврзани со регистрација на претпријатија 21

Табела 2-2. Класификација на претпријатијата 23

Табела 3-1 Број регистрирани субјекти 24

Табела 3-2 Број на активни претпријатија по сектори 25

Графикон 3-1 Процентуално учество на активните претпријатија во 2009 26

Табела 3-3 Број на ново регистрирани претпријатија преку едно-шалтерскиот систем (2006-2008) НКД рев 1.1 27

Табела 3-4 Број на ново регистрирани претпријатија преку едно-шалтерскиот систем (2006-2008) НКД рев 2.0 28

Табела 3-5.Број активни МСП претпријатија по години (2006-2009) 29

Табела 4-1 Земји во кои македонските претпријатија извезуваат 31

Табела 4-2 Увоз во Република Македонија 33

Графикон 5-1 Процентуална распределба на вработените по претпријатија во 2009 36

Графикон 5-2 Преглед на бизнисите по дејности 38

Табела 5-1 Кандидати за проектот самовработување 38

Табела 5-2 Број на вработени по сектори на економска активност 39

Табела 5-3 Број на вработени во претпријатија според вид на сопственост во 2009 година 40

Графикон 5-3 Вработени во МСП според видот на сопственост на претпријатијата во 2009 година 41

Графикон 5-4 Број на невработени лица по пол во Република Македонија 42

Табела 5-4 Број на невработени лица според нивната возраст 43

Табела 6-1 Добивката и загубата остварена кај претпријатијата 44

Табела 6-2 Вредноста на активата и пасивата 45

Табрла 8-1 Броја на активни претпријатија по општини 50

Табела 8-2 Занаетчии оп општини 53

Табела 8-2 Трговец поединец по градови 56

Табела 10-1 Странски директни инвестиции 59

## Кратенки

| | |
|---|---|
| ССА - | Спогодба за асоцијација и стабилизација |
| БРУ - | Бизнис Развојни Услуги |
| ЦР - | Централен регистар |
| ЕБРД - | Европска банка за Обнова и развој |
| ЕУ - | Европска унија |
| ФИАС - | Советодавни услуги за странски инвестиции |
| БДП - | Бруто домашен производ |
| БП - | Бруто производ |
| БИС - | Биро за интелектуална сопственост |
| МБПР - | Македонска Банка за поддршка на развојот |
| МЕ - | Министерство за економија |
| МФ - | Министерство за финансии |
| МТСП - | Министерство за труд и социјална политика |
| НАЦЕ - | Општа индустриска класификација на економските активности во ЕУ |
| ОЕЦД - | Организација за економска соработка и развој |
| УЈП - | Управа за јавни приходи |
| ЈИЕ - | Југо-источна Европа |
| МСП - | Мали и средни претпријатија |
| ДЗС - | Државен завод за статистика |
| ДВ - | Додадена вредност |
| ДДВ - | Данок на додадена вредност |
| РМ - | Република Македонија |
| АППРМ - | Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ |
| ММФ - | Меѓународен монетарен фонд |
| СТО - | Светска трговска организација |
| МКД - | Македонски денари |

# Предговор

Како и секоја година, така и оваа, почнувајќи од 2004 година, во Република Македонија се изработуваат годишни статистички извештаи во кои се прикажува состојбата на секторот на малите и средни претпријатија во Република Македонија. Овие годишни извештаи ги изработува тимот на Опсерваторијата за мали и средни претпријатија за потребите на Министерството за економија.

Главна цел на Опсерваторијата е да создаде одржлив механизам за следење, анализирање и подготвување на политики кои ќе бидат пред се во интерес на приватниот сектор. Во таа насока, годишните извештаи што се подготвуваат секоја година, во голема мера им помагаат на креаторите на политиките во државата, пред се луѓето кои работат Министерството за економија и кои се задолжени за подготовка на стратегии, програми и акциони планови за мали и средни претпријатија. Покрај ова, податоците кои се обработуваат во овие годишни извештаи исто така се користат од страна на голем број институции, организации и проекти при изработка на најразлични анализи, трудови и извештаи.

При изработка на овие извештаи се користи методологијата која ја користи и Европската опсерваторија за мали и средни претпријатија од Холандија при изработката на извештаи за претпријатијата од Европската Унија.

Во моментов, главен извор на информации на Опсерваторијата претставува базата на податоци од Централниот регистар на Република Македонија (трговскиот регистар). Покрај овие податоци, Опсерваторијата исто така соработува и со Државниот завод за статистика, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерството за економија, Министерството за финансии, комерцијалните банки, проектите финансирани од донатори и

други релевантни институции кои имаат информации за МСП и кои можат да придонесат во пишувањето на овој извештај.

Идна заложба на Опсерваторијата е да започне со прибирање на податоци директно од претпријатијата. Ова ќе се спроведува во иднина на база на анкета каде што податоците за обработка би се добивале директно од страна на претприемачите.

Се надеваме дека областите и содржините кои се обработуваат во овој извештај ќе бидат интересни за вас и барем на кратко ќе го привлечат вашето внимание.

Со почит,
Тимот на Опсерваторијата
за мали и средни претпријатија

# Хронологија

| Година | Основни фактори кои што влијаат на бизнис опкружувањето и претприемништвото |
|---|---|
| **1991** | ▪ Независност. Македонија објави независност од Југославија и се одвои од истата, единствена република која го стори тоа по мирен пат |
| **1992** | ▪ Економска криза. Инфлација 1 780 % |
| **1993** | ▪ Членство во ООН<br>▪ Формирана нова Влада, со учество на албанска партија<br>▪ Пад во економијата |
| **1994** | ▪ Попис на населението<br>▪ Започнување на процесот на приватизација<br>▪ Воведување на Програмата на ММФ за подобрување на макроекономската стабилност |
| **1995** | ▪ Трговско ембарго од Грција<br>▪ Санкции од ООН |
| **1996** | ▪ Донесен е Закон за трговски друштва |
| **1997** | ▪ Девалвација на денарот |
| **1998** | ▪ Донесен Закон за занаетчиство<br>▪ Стратегија за привлекивање СДИ<br>▪ Развој на финансискиот пазар<br>▪ Раст на реален БДП од 3.4%<br>▪ Извозот за прв пат од стекнувањето независност го надминува увозот, а странските инвестиции го надминаа износот на сите досегашни СДИ |
| **1999** | ▪ Кризата во Косово предизвика прелевање на 360 000 жители од Косово<br>▪ Пораст на тензии<br>▪ Донесен е Закон за банки и хартии од вредност |

| | |
|---|---|
| **2000** | ▪ Донесен е Закон за додадена вредност<br>▪ Раст на реалниот БДП од 4.6%, со што се заокружи годишната континуирана економска експанзија<br>▪ Царинското законодавство стапува на сила со што се обезбедува усогласување со стандардите на Европската унија |
| **2001** | ▪ Безбедноста криза во државата. Конфликтот се иницирање во селото Танушевци на 18 Февруари<br>▪ Потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и Спогодбата за демилитаризација<br>▪ Потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација<br>▪ Годишен пораст на БДП од -4.5% |
| **2002** | ▪ Попис на населението<br>▪ Парламентарни избори<br>▪ Измени на Законот за трговски друштва. Измените се однесуваа на процесот на регистрација на претприајтијата и измена на дефиницијата за правата И обврските на управителите И акционерите.<br>▪ Парламентот ја усвои “Е-Декларацијата” - заложба на Владата за забрзување на електронкста трговија<br>▪ Владата ја донесува националната стратегија за МСП<br>▪ Донесен е Закон за банки за микрофинансирање<br>▪ Годишен пораст на БДП од 0.9% |
| **2003** | ▪ Република Македонија станува членка на Европската повелба за мали претпријатија<br>▪ Република Македонија станува членка на СТО<br>▪ Усвоен е Закон за Агенција за поддршка на претприемништво<br>▪ Потпишување на **Станд-бѕ** аранжман со ММФ<br>▪ Намалување на данокот за ДДВ од 19% на 18%<br>▪ Усвојување на Законот за поттикнување на вработувањето<br>▪ Усвојување на Законот за државна помош. Поддршка ќе им биде доделена на МСП за договарање на консултантски услуги и обука за подобрување на нивното работење.<br>▪ Годишен пораст на БДП од 2.8% |

| | |
|---|---|
| **2004** | ▪ Донесен е нов Закон за трговски друштва<br>▪ Донесен нов Закон за трговија<br>▪ Донесен нов Закон за вршење на занаетчиска дејност<br>▪ Склучени неколку билатерални договори за слободна трговија со неколку земји<br>▪ Целосна имплементација на Законот за перење пари<br>▪ Екипирање на финансиската полиција<br>▪ Преговори за нов аранжман со ММФ<br>▪ Годишен пораст на БДП од 2.9%<br>▪ 1 ЕУР = 61.5 МКД |
| **2005** | ▪ Република Македонија се стекна со статус на земја кандидат за членство во ЕУ<br>▪ Формиран е Европскиот информативен кореспондентен центар<br>▪ Се реализираше ваучер шемата за давање на консултантки услуги во два пилот региони- Скопје и Струмица<br>▪ Се формираше форум за МСП<br>▪ Се усвои правна рамка за формирање на Гарантен фонд<br>▪ Се направија преговори за нов аранжман со ММФ<br>▪ БДП порасна за 3,8%<br>▪ 1 ЕУР=61,5 МКД |
| **2006** | ▪ Воспоставен е едно-шалтерски систем за регистрација на компаниите<br>▪ Усвоена е нова верзија на Стратегијата за МСП<br>▪ Усвоена е 4 годишна програма за МСП<br>▪ Намелени се каматните стапки<br>▪ Намалена е стапката за данок на добивка и персонален данок на 12% ( рамен данок)<br>▪ 1ЕУР=61,2 МКД |

| | |
|---|---|
| **2007** | ▪ РМ се рангираше на 4-то место како земја реформатор според Извештајот за деловно работење ( на Светската банка)<br>▪ РМ се рангираше на 84 место во поглед на борба против корупцијата според организацијата за меѓународна транспарентност<br>▪ Намалена е стапката за данок на добивка и персонален данок на 10% ( рамен данок)<br>▪ БДП порасна за 5,1%<br>▪ 1ЕУР=61,2 МКД |
| **2008** | ▪ Цената на нафтата во јуни се искачи на рекордно највисоко ниво 133,8 САД долари за еден барел<br>▪ Најнизок процент на невработеност<br>▪ Почеток на светска економска криза<br>▪ БДП порасна за 4,9%<br>▪ 1ЕУР=61.27 МКД |
| **2009** | ▪ Глобална финансиска и економска криза<br>▪ Владата воведе 4 антикризни мерки<br>▪ Нулта даночна стапка на данок на добивка<br>▪ Намалена инфлација (просек на трошоци за живеење)<br>▪ БДП се намали за 0,8%<br>▪ 1ЕУР = 61,27 МКД |
| **2010** | ▪ БДП се зголеми за 2,9%<br>▪ 1ЕУР = 61,51 МКД |

| | |
|---|---|
| **2011** | • Во работа е пуштен системот за Електронска регистрација на правни лица;<br>• Во периодот јануари – декември 2011 индустриското производство регистрира раст од 3,3%;<br>• Намалување на бројот на регистрирани невработени лица за 12,5%;<br>• БДП се зголеми за 2,8%;<br>• 1ЕУР = 61,53 МКД; |
| **2012** | • Намалување на бројот на регистрирани невработени лица за 13,4%;<br>• БДП се намали за 0,4%;<br>• 1ЕУР =61,53 МКД;<br>• |
| **2013** | • Основан Фонд за иновации и технолошки развој<br>• Индустриското производство во декември 2013 година во споредба со декември 2012 година забележа раст од 9,5%;<br>• БДП се зголеми за 2,9%<br>• 1ЕУР = 61,58 МКД |

# 1. Макроекономска состојба

## 1.1 Макроекономско опкружување во Република Македонија

Негативните ефекти од глобалната финансиска и економска криза врз домашната економија доведоа до намалување на домашната економска активност во 2009 година. Првите ефекти од глобалната криза беа видливи уште во последниот квартал во 2008 година со забавување на годишниот раст, додека во текот на 2009 година бруто домашниот производ забележа реален годишен пад од 0,8% споредбено со 2008 година. Со тоа за прв пат по 2002 година во домашната економија е забележан пад на економската активност. Ефектите од глобалната економска криза постепено се пренесуваа врз домашната економија во текот на 2009 година. Така во третиот квартал беше забележан најдлабок пад на домашната економска активност од почетокот на глобалната економска криза од 1,8%. Во претходните два квартала реалниот пад на бруто домашниот производ изнесуваше 0,9% односно 1,4%. Сепак во последниот квартал во 2009 година се забележуваат првите сигнали на закрепнување на домашната економија, кога реалниот раст на бруто домашниот призивот изнесуваше 1,2%.

Клучните макроекономски показатели се презентирани во табелата 1-1:

**Табела 1-1 Основни макроекономски показатели**

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***(%)*** | | | | | | | |
| ***Реален сектор*** | | | | | | | |
| **Реален раст на БДП** | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 5,1 | 4,9 | -0,8 |
| **Индустриско производство** | 4,5 | -12,1 | 7,0 | 2,6 | 3,7 | 5,5 | -9,4 |
| **Инфлација ( просек на трошоци за живеење)** | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 |
| **Пораст на вработеноста** | -2,9 | -4,1 | 4,3 | 4,6 | 3,5 | 3,2 | 3,4 |
| **Стапка на невработеност ( според дефиниција на ИЛО)** | 36,7 | 37,2 | 37,3 | 36,0 | 34,9 | 33,8 | 32,2 |
| **Трговски биланс (% од БДП)** | -18,4 | -21,2 | -18,4 | -20,1 | -20,3 | -26,7 | -23,0 |
| **Јавен долг (ГФС методологија)** | 44,9 | 42,6 | 46,9 | 39,9 | 33,3 | 28,7 | 32.1 |
| ***Надворешен сектор Тековни цени во УСА долари*** | | | | | | | |
| **Бруто домашен производ ( мил) номинална** | 4 631 | 5 368 | 5 815 | 6 561 | 8 162 | 9 835 | 9 378 |
| **Бруто домашен производ по жител** | 2 285 | 2 642 | 2 855 | 3 216 | 3 994 | 4 805 | 4 572 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извоз ( милиони)** | 1 363 | 1 675 | 2 042 | 2 415 | 3 398 | 3 978 | 2 691 |
| **Увоз (милиони)** | 2 306 | 2 931 | 3 232 | 3 752 | 5 280 | 6 851 | 5 043 |
| **Трговски биланс (милиони)** | -851 | -1 139 | -1 063 | -1 285 | -1 629 | -2 552 | -2 156 |
| **Странски директни инвестиции (милиони)** | 117 | 322 | 94 | 424 | 321 | 356 | 251 |
| | | | | | | | |
| ***Работна сила*** | | | | | | | |
| **Број на невработени** | 390 361 | 391 072 | 359 989 | 321 274 | 316 905 | 310 409 | 298873 |
| **Број на вработени** | 545 108 | 522 994 | 555 938 | 570 404 | 590 234 | 609 015 | 629901 |

Извор: Министерство за финансии, Народна Банка на Република Македонија

Бруто домашниот производ во 2009 година изнесуваше 9 378 милиони УСА долари што претставува намалување од 4.64% споредбено со 2008 година. Реалниот пад на БДП изнесуваше 0,8%.

Глобалната финансиска и економска криза го прекина феноменот на ‘‘ценовен бум’’, пред се на цените на храната и енергијата, предизвикувајќи значителна надолна корекција на инфлацијата во 2009 година. Падот на увозните цени предизвика процес на дезинфлација во македонската економија. Така по високата просечна инфлација од 8,3%, во 2009 година трошоците за живот забележаа намалување и инзесуваа -0,8%.

Недоволното искористување на капацитетите во дејностите ориентирани кон извоз надополнето со падот на активноста заради ослабената домашна побарувачка предизвика намалување на индустриското производство за 9,4% во 2009 година. Најголемо влијание за падот на индустриското производство имаа секторите производство на основни метали, текстилната индустрија, производство на производи од други неметали и минерали и производство на електрични машини и алати.

Неповолните економски услови на глобално ниво имаа значителни преносни ефекти воз надворешната трговска размена во 2009-та година. Поради фактот дека повеќе од 60% од надворешната трговска размена отпаѓа на земјите од Европската унија и други развиени земји погодени од финансиската криза дефицитот на тековната сметка се продлабочи 2,1 пати споредбено со 2008 година. Вкупната размена на стоки со странство на годишна основа се сведе на

83,5% од БДП наспроти 112,7% од БДП во претходната година. Забавената меѓународна трговија ја сведе размената на стоки со странство речиси на просечно ниво од 2001 до 2004 година. Падот на глобалната побарувачка се одрази со значителен пад на извозот на стоки кој што се сведе на 29% од БДП наспроти просечното учество од 40% од БДП во последните три години. Во 2009 година увозот на стоки се сведе на 54,5% од БДП наспроти просечното учество на 65% од БДП во изминатите години.

Според податоците на  Државнот завод за статистика и Агенцијата за вработување активното население во Република Македонија во 2009 година изнесуваше 928 775 лица, од кој вработени се 629 901 лице или 67,8%, а невработени се 298 873 односно 32,2%. Бројот на вработени лица споредбено со претходната година е зголемен за 3,4%. Во однос на 2008 година бројот на невработени лица бележи намалување од 3,7%. Стпката на активност на населението во 2009 година изнесуваше 56,7% стапката на вработеност 38,4%, додека стапката на невработеност изнесуваше 32,2% и споредбено со 2008 година бележи намалување.

По растот од претходната година странските директни инвестиции забележаа годишен пад од 29,9%. Тоа е резултат на намалената глобална ликвидност и растечката одбивност на инвеститорите да влегуваат во ризик. Отежнатиот пристап до финансирање преку банкарските кредити, исто така е фактор кој што придонесе за намалување ена странските директни инвестиции.

### 1.2 Бруто вредност на производството според основни цени

Бруто вредноста на производството (БВП) претставува вредност на произведените стоки и  извршените услуги во текот на годината , без притоа да се земе во предвид дали истите  се целосно продадени  или дел од нив  се ставени на залиха[1]. Вредноста на производството се состои од  три вида на производи: производи за пазарот, производи за сопствена финално користење и  непазарни производи.

[1] Бруто домашен производ, 3.4.10.01/649. Државен завод за статистика, Скопје 2009

**Табела 1-2 Бруто вредност на производството по сектори**

| | 2004 | | 2005 | | 2006 | | 2007 | | 2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *(Основни цени , милиони денари)* | | | | | | | | | | |
| Сектор | Мали | Средни | Мали | Средни | Мали | Средни | Мали | Средни | Мали | Средни |
| Земјоделство , лов и шумарство | 55 991 | 2 308 | 57 717 | 2 745 | 61 872 | 3 581 | 61 545 | 3 811 | 73 221 | 5 540 |
| Рибарство | 56 | – | 76 | - | 108 | - | 121 | - | 154 | - |
| Рударство | 894 | 452 | 1 849 | 331 | 928 | 2 224 | 1 202 | 1 026 | 1 719 | 286 |
| Производство | 37 603 | 25 640 | 37 928 | 24 527 | 43 553 | 25 906 | 55 075 | 31 545 | 58 099 | 34 219 |
| Електрична енергија, гас и вода | 476 | 1 363 | 541 | 1 442 | 620 | 2 354 | 883 | 1 486 | 910 | 1 427 |
| Градежништво | 27 409 | 12 655 | 29 632 | 3 735 | 34 420 | 5 177 | 38 763 | 8 611 | 42 265 | 9 197 |
| Продажба на големо и малопродажба | 41 069 | 9 552 | 43 189 | 10 796 | 47 035 | 13 685 | 51 965 | 14 768 | 59 255 | 16 723 |
| Хотели и ресторани | 5 364 | 1 131 | 5 338 | 1 331 | 6 199 | 1 320 | 6 361 | 1 876 | 7 600 | 2 168 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 15 751 | 15 608 | 20 570 | 3 657 | 23 693 | 3 439 | 27 880 | 4 811 | 33 416 | 3 691 |
| Финансиско посредување | 502 | 116 | 479 | 65 | 1 123 | 6 | 1 484 | - | 649 | 1 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 13 855 | 2 814 | 13 433 | 1 695 | 15 743 | 1 834 | 20 754 | 3 253 | 27 231 | 4 999 |
| Јавна администрација и одбрана | 3 920 | 14 633 | 8 292 | 4 352 | 9 469 | 4 559 | 12 218 | 2 219 | 8 957 | 7 452 |
| Образование | 10 218 | 2 333 | 11 552 | 2 039 | 12 466 | 2 263 | 13 095 | 2 241 | 13 918 | 4 173 |
| Здравство и социјална работа | 4 111 | 5 946 | 8 381 | 2 750 | 10 419 | 2 319 | 8 855 | 6 388 | 12 876 | 8 934 |
| Општествени и лични услуги | 6 862 | 2 138 | 7 410 | 2 121 | 8 587 | 2 560 | 8 679 | 2 418 | 13 930 | 2 866 |
| Вкупно | 224 081 | 96 689 | 246 387 | 61 586 | 276 235 | 71 227 | 308 880 | 84 453 | 354 200 | 101 676 |

Извор: Државен завод за статистика

Бруто вредноста на производството по сектори на малите и средните претпријатија за период од 2004 до 2008 година е прикажана во табела 1-2. Кај малите претпријатија најголемо учество во БВП има секторот на земјоделство лов и шумарство. Овој сектор во текот на 2008-та година изнесуваше 73 221 милиони денари што претставува 20,67% од вкупната вредност на БВП на мали претпријатија. Други сектори кои исто така имаат големо учество[2] во БВП се следните сектори производство, 16,40% продажба на големо и малопродажба 16,72% и градежништво 11,93%.

Кај средите претпријатија најголем придонес во БВП имаше секторот производство со вредност од 34 219 милиони МКД или 33,65% од вкупната вредност на БВП кај

[2] Повеќе од 10% учество во вкупната вредност на БВП

средните претпријатија. Ова претставува зголемување од 8,47% споредбено со 2007 година. Други значајни сектори кои во голема мера допринесува во БВП кај средните претпријатија во 2007 година се секторите продажба на големо и малопродажба со 16,44% и секторот градежништво 9,045%.

Зголемувањето на вредноста на БВП во различните сектори низ годините покажува постојан раст, истиот во дадена година може да има поголема БВП од претходната година, генерално од година во година постои се по позитивен тренд на зголемување на БВП кај МСП.

**Табела 1-3 Бруто вредност на производството по вид на претпријатија**

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *(Основни цени , милиони денари)* | | | | | | |
| Мали | 206 368 | 224 081 | 246 387 | 276 235 | 308 880 | 354 200 |
| Средни | 77 890 | 96 689 | 61 586 | 71 227 | 84 453 | 101 676 |
| Големи | 146 809 | 147 653 | 197 391 | 220 095 | 249 302 | 287 917 |
| Вкупно | 431 067 | 468 423 | 505 364 | 567 557 | 642 635 | 743 793 |
| *(%)* | | | | | | |
| Мали | 47,87 | 47,84 | 48,75 | 48,67 | 48,06 | 47,62 |
| Средни | 18,07 | 20,64 | 12,19 | 12,55 | 13,15 | 13,66 |
| Големи | 34,06 | 31,52 | 39,06 | 38.78 | 38,79 | 38,70 |
| Вкупно | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 |

Извор: Државен завод за статистика

Бруто-вредноста на производството кај малите, средните и големите претпријатија и нивниот придонес во 2008-та година изнесува 743 793 милиони МКД, што претставува зголемување од 62,97% во од однос на 2004 година и 15,74% во однос на 2007 година. Од табелата 1-3, може да се забележи дека во текот на целокупниот период од 2003 до 2008 година вредноста на БВП порасна. Во зависност од периодот, во некои години порастот беше поголем од претходната година, или спротивно, но во секој случај генерално земено секогаш имаше пораст. Сепак, ова не е случај кај средните претпријатија во 2005 година, каде се намали вредноста на БВП од 57,00% (или 35 103 милиони МКД). Учеството на малите и средните претпријатија во БВП во периодот од 2003 до 2008 не оди по нагорна

линија. Може да се забележи константен пораст се до 2004 година, кога учеството на секторот на МСП во вредноста на БВП беше 68,48%. Сепак, во наредните години поради големиот пад учеството на средните претпријатија во вредноста на БВП, учеството на МСП во вкупната вредност исто така се намали. Во 2008 година, учеството на МСП изнесуваше 61,28% , приближно со учеството во 2007 година кое изнесуваше 61,22%.

### 1.3 Бруто додадена вредност по основни цени

Бруто додадената вредност (БДВ) претставува индикатор на економскиот просперитет на земјата. БДВ го мери учеството на секој производител, сектор или индустрија кои учествуваат во стопанството. Вообичаено додадената вредност по основни цени се мери бруто бидејќи вредносните подесувања (како на пример дефлација) не се одземаат. БДВ претставува баланс помеѓу бруто производот и меѓу-фазната потрошувачка. Тоа е основна категорија на БДВ[3].

**Табела 1-4 Бруто додадената вредност по сектори**

| | 2004 | | 2005 | | 2006 | | 2007 | | 2008 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *(Основни цени , милиони денари)* | | | | | | | | | | |
| Сектор | мали | Средни | мали | средни | мали | средни | мали | средни | мали | средни |
| Земјоделство , лов и шумарство | 28 303 | 394 | 29 190 | 881 | 31 200 | 1 200 | 30 915 | 1 217 | 38 147 | 1 664 |
| Рибарство | 21 | – | 28 | 0 | 47 | 0 | 56 | 0 | 74 | 0 |
| Рударство | 317 | 175 | 745 | 157 | 265 | 883 | 481 | 765 | 627 | 144 |
| Производство | 17 195 | 7 139 | 15 885 | 7 843 | 18 742 | 8 111 | 22 586 | 10 440 | 26 119 | 13 137 |
| Електрична енергија, гас и вода | 252 | 922 | 218 | 972 | 261 | 949 | 475 | 1 035 | 454 | 953 |
| Градежништво | 10 025 | 3 535 | 11 087 | 1 375 | 12 990 | 1 709 | 15 458 | 3 163 | 15 715 | 2 742 |
| Продажба на големо и малопродажба | 24 457 | 6 277 | 25 827 | 6 342 | 28 861 | 8 452 | 31 478 | 9 938 | 33 582 | 10 500 |
| Хотели и ресторани | 3 252 | 578 | 3 124 | 721 | 3 681 | 602 | 3 164 | 954 | 3 471 | 1 069 |
| Транспорт, складирање и комуникација | 4 636 | 7 388 | 6 732 | 798 | 7 811 | 839 | 8 059 | 1 986 | 11 311 | 2 066 |
| Финансиско посредување | 272 | 35 | 202 | 45 | 591 | 0 | 766 | 1 | 339 | 0 |
| Недвижности, изнајмување и деловни активности | 6 796 | 1 801 | 6 238 | 974 | 7 771 | 935 | 10 248 | 1 885 | 14 405 | 2 236 |
| Јавна администрација и одбрана | 2 198 | 9 695 | 4 951 | 2 621 | 4 727 | 2 961 | 6 621 | 1 328 | 4 678 | 3 480 |
| Образование | 8 533 | 1 380 | 9 120 | 1 133 | 9 432 | 1 388 | 9 836 | 981 | 10 260 | 1 908 |

[3] Бруто домашен производ, 3.4.9.02/613. Државен завод за статистика

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Здравство и социјална работа | 2 385 | 3 470 | 5 014 | 1 643 | 6 563 | 1 322 | 5 959 | 3 713 | 7 479 | 5 225 |
| Општествени и лични услуги | 3 522 | 1 372 | 3 793 | 1 373 | 4 762 | 1 625 | 4 842 | 1 479 | 8 010 | 1 551 |
| Вкупно | 112 164 | 44 161 | 122 154 | 26 878 | 137 704 | 30 976 | 150 944 | 38 885 | 176 671 | 46 467 |

Извор: Државен завод за статистика

Во табела 1-4 е прикажана вредноста на БДВ по сектори кај малите и средни претпријатија за период од 2004-2008 година. Вкупната вредност на БДВ кај малите претпријатија во 2008-та година изнесуваше 176 671 милиони МКД, што претставува зголемување од 17,04% споредбено со 2007-та година. Со исклучок на минатата година секторот земјоделство, лов и шумарство континуирано имаше најголемо учество во БДВ. Вредноста на БДВ кај малите претпријатија во овој сектор изнесуваше 38 147 милиони МКД. Споредбено со 2007-та година тоа претставува пораст од 23,39%. Секоја година вредноста на БДВ кај малите претпријатија бележи зголемување во однос на претходниот период.

Во 2008 година секторот земјоделство, лов и шумарство учествуваше со 21,59% од вкупната вредност на БДВ кај малите претпријатија. Освен овој сектор други сектори кои имаа големо учество[4] во вредноста на БДВ кај малите претпријатија се следниве сектори : продажба на големо и малопродажба 19,00% и производство со 14,78%.

Кај средните претпријатија вкупната вредност на БДВ изнесуваше 46 467 милиони МКД што преставува зголемување за 19,49% споредбено со 2007 година. Сектор кој имаше најголемо учество во БДВ за 2008 година беше секторот производство со вредност од 13 137 милиони МКД 28,27%. Споредбено со малите претпријатија каде два сектори имаат најголемо учество во вредноста на БДВ кај средните претпријатија состојбата е сосема поинаква бидејќи во зависност од годината, а особено во изминатите неколку години, различни сектори покажаа најголемо учество во вкупната вредност на БДВ. Всушност, во 2003 година, секторот транспорт складирање и комуникации, во областа на средни претпријатија најмногу учествуваше во вкупната вредност на БДВ со учество од 23,54%. Во 2004 година, тоа беше секторот на јавна администрација и одбрана 21,95%, во 2005 година секторот на производство 21,95%, во 2006 година секторот на продажба на големо и малопродажба 27,28% и во 2007 година производство со 26,84%.

[4] Повеќе од 10% учество во вкупната вредност на БДВ

Освен секторот производство други сектори кои во 2007 година учествуваа со повеќе од 10% од вкупната вредност на БДВ беа секторот продажба на големо и малопродажба со учество од 22,59% и секторот здравство и социјална работа 11,24%

**Табела 1-5 Бруто додадената вредност по вид на претпријатија**

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *(Основни цени , милиони денари)* | | | | | | |
| Мали | 100 298 | 112 164 | 122 154 | 137 704 | 150 944 | 176 671 |
| Средни | 37 858 | 44 161 | 26 878 | 30 976 | 38 885 | 46 467 |
| Големи | 63 764 | 60 889 | 84 346 | 89 579 | 103 929 | 107 658 |
| Вкупно | 201 920 | 217 214 | 233 378 | 258 259 | 293 758 | 330 796 |
| *(%)* | | | | | | |
| Мали | 49,67 | 51,64 | 52,34 | 53,32 | 51,38 | 53,40 |
| Средни | 18,75 | 20,33 | 11,52 | 11,99 | 13,25 | 14,04 |
| Големи | 31,58 | 28,03 | 36,14 | 34,69 | 35,37 | 32,54 |
| Вкупно | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 100,00 |

Извор: Државен завод за статистика

Во 2008 година вкупната вредност на БДВ за целата економија изнесуваше 330 796 милиони МКД што претставува зголемување од 63,82% во однос на 2003 и зголемување од 12,60% во однос на 2007 година. Учеството на секторот на МСП во вредноста на БДВ низ годините континуирано растеше. Достигнувајќи 71,97% во 2004 година. Сепак, поради големиот пад на учеството на средните претпријатија во вкупната вредност на БДВ, за 2005 и 2006 година, на скоро половина од нивото од 2004 година, придонесот на МСП секторот се намали на 63,86% за 2005 година, 65,31% за 2006 година, 64,63% за 2007 година и 67,44% за 2008 година.

# 2. Правна рамка

### 2.1 Отворање на бизнис

Бизнис активностите во Република Македонија најчесто се формализираат преку отворање на трговско друштво или компанија. Трговско друштво претставува правно лице во кое едно или повеќе физички или правни лица вложуваат средства односно пари, ствари или права во имот што се користат за заедничко работење и заеднички ги делат добивката и загубата од работењето. Трговско друштво можат да основаат домашни и странски физички и правни лица.

Како основачи на трговско друштво не може да се јават:

1. физичко лице за кое со правосилна одлука на судот (мора да постои одлука на суд, а не сомневање) е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања, додека трае забраната утврдена со одлука на судот;
2. лица над кои е отворена стечајна постапка за време на траењето на стечајната постапка (само за времетраењето на стечајната постапка);
3. лица кои не ги платиле даноците и придонесите кои со закон биле обврзани да ги платат, односно членовите на органот на управување, односно управителот на овие лица, вклучувајќи ги и лицата во друштвата што престанале;
4. лица, односно содружници или акционери во друштва чијашто сметка е блокирана, односно членовите на органот на управување, односно управителот на овие лица, сѐ додека трае блокадата на сметката.

Секое лице може да биде основач на повеќе друштва ако, со Законот за трговските друштва, тоа не е забрането. Физичко лице може, во исто време, да биде содружник со неограничена одговорност само во едно друштво. Кон пријавата за упис на основање друштво во трговскиот регистар основачите поднесуваат лична писмена изјава, заверена кај нотар, дека не постои некое од ограничувањата предвидени со Законот за трговските друштва за да основаат друштво. Основачот не мора да е вработен во друштвото што го основал или е еден од основачите.

## 2.2. Едношалтерски систем за регистрација

Со законот за едношалтерски систем за регистрација усвоен од страна на собранието на Република Македонија (службен весник на РМ бр. 84/2005), се овозможи брза и ефикасна регистрација на трговските друштва. Едношалтерскиот систем претставува единствен електронски регистар на територијата на Република Македонија. Со тоа се олеснува пристапот до податоците за јавноста. Со посета на само еден шалтер можат да се добијат точни информации за деловните партнери, финансиски извештаи, бонитети, биланси, тековни состојби и многу други податоци. Со имплементацијата на Едношалтерскиот систем деловните субјекти добија многу предности : поевтина регистрација, посета на само еден шалтер времето за регистрација изнесува само 3 дена, точни информации за деловните партнери. Странските инвеститори многу лесно можат да добијат информација за потенцијалните партнери преку нивните матични регистри (европски бизнис регистар), намалување на административните бариери за влез во Република Македонија, добивање на точни и комплетни информации за работењето на компаниите во кој може да се инвестира. Државните органи добија олеснување на процесот на контрола на субјектите, поедноставна постапка за издавање на дозволи, заштеда на буџетски средства за мултиплицирање на административните регистри, поефикасно управување со податоците. Банкарскиот и деловниот сектор преку едношалтерскиот систем исто така добива лесен и брз пристап до финансиските и кредитни информации за нивните клиенти.

**Табела 2-1 Трошоците поврзани со регистрација на претпријатие :**

Трговски регистар и регистар на други правни лица

| Упис во регистри | Регистар | WEB | Едношалтер | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Основање | | | | |
| Трговец поединец | 1,100,00 мкд | 99,00 мкд | 753,00 мкд | 1,552,00 мкд |
| ДОО/ДООЕЛ | 1,700,00 мкд | 99,00 мкд | 753,00 мкд | 2,552,00 мкд |
| АД | 3,000,00 мкд | 99,00 мкд | 753,00 мкд | 3,852,00 мкд |
| Останати | 1,600,00 мкд | 99,00 мкд | 753,00 мкд | 2,452,00 мкд |

Извор : Централен регистар

Покрај овие трошоци поврзани со услугите на едно- шалтерскиот систем и услугите на Централниот регистар, постојат и дополнителни трошоци кои треба да се вклучат во пресметката:

- Подготовка на печатот 350 МКД;

-Нотарска верификација на документите 620 МКД;

Поради тоа, минималните трошоци за добивање на сертификат за регистрација на компанијата изнесуваат околу 3522 МКД (57 ЕУР).

**2.3 Класификација на претпријатијата**

Според Законот за трговски друштва, кој стапи во сила во 2004 година, претпријатијата во Република Македонија мора да се регистрираат во една од следниве правни форми:

-Јавно трговско друштво

-Командитно друштво

-Друштво со ограничена одговорност

-Акционерско друштво

-Командитно друштво со акции

Најголем дел од претпријатијата во Република Македонија се регистрирани како друштва со ограничена одговорност, што значи дека тие се основани од страна на едно (ДООЕЛ)[5] или повеќе физички или правни лица (ДОО). Законот за трговски друштва ја дефинира вредноста на минималниот капитал за претпријатието. Оваа вредност не може да биде помала од 5 000 евра во денарска против-вредност. Во согласност со измените и дополнувањата на овој закон, сепак, постои можност минималните барања за основачка главнина да се внесат во форма на средства во текот на првата година од работењето на претпријатието, што всушност значи дека во текот на постапката за регистрација барањата на основачка минимална главнина можат да бидат нула.

[5] ДООЕЛ Друштво со ограничена одговорност едно лице

**Табела 2-2. Класификација на претпријатијата**

| | ЕУ дефиниција за претпријатија[6] | Закон за трговски друштва (2004) |
|---|---|---|
| Микро | До 10 вработени | До 10 вработени |
| | Годишен обрт  помал или еднаков  на 2 милиони ЕУР | Годишен обрт  помал од 50,000 ЕУР |
| | Биланс на состојба помали или еднаков на 2 милиони ЕУР | Не повеќе од 80% од бруто приходот треба да доаѓа од еден клиент |
| Мали | До 50 вработени | До 50 вработени |
| | Годишен обрт  помал или еднаков  на 10 милиони ЕУР | Годишен обрт  помал од 2 милиони ЕУР |
| Средни | Биланс на состојба помал или еднаков на 10 милиони ЕУР | Биланс на состојба помал од 2 милиони ЕУР |
| | До 250 вработени | До 250 вработени |
| | Годишен обрт  помал или еднаков  на 50 милиони ЕУР | Годишен обрт  помал од 10 милиони ЕУР |
| | Биланс на состојба помал или еднаков на 43 милиони ЕУР | Биланс на состојба помал или еднаков на 11 милиони ЕУР |
| Големи | Сите други кои не влегуваат во една од горенаведените класификации | Сите други кои не влегуваат во една од горенаведените класификации |

Извор Закон за трговски друштва

Класификацијата на претпријатијата во Законот за трговски друштва  беше подготвена  во согласност со дефиницијата која се користи во ЕУ. Сепак, за да се прифати дефиницијата на ЕУ како национална, се направени  некои мали корекции во поглед на вредностите во споредба со  дефиницијата на ЕУ.

[6] http://europa.eu.int/comm/enterprise/enterprise_policy/sme_definition/index_en.htm

# 3. Претпријатија во Република Македонија- големина и структура

Многу важен двигател на нациналната економијата во секоја земја се приватните претпријатија. Тие даваат голем придонес во БДП, создавањето на работни места, зголемувањето на извозот, поголема промоција на домашните производи на странските пазари, во создавањето на иновативни производи и услуги итн. Скоро во сите земји во светот бројот на МСП изнесува помеѓу 95% и 99% од вкупниот број на приватни претпријатија.

## 3.1 Претпријатијата во Република Македонија

Бројот на регистрирани претпријатија во Република Македонија постојано се зголемува, а со тоа се зголемува и доприносот кој што тие го даваат во економијата. Најголемиот дел од претпријатијата спаѓаат во категоријата мали претпријатија. Тие претставуваа 98,84% од вкупниот број на активни претпријатија[7] за 2009 година што е важен показател за учеството на оваа категорија на претпријатија во економијата на земјата.

**Табела 3-1 Број на регистрирани субјекти**

| Година | Број на субјекти |
|---|---|
| 2006 | 91 104 |
| 2007 | 94 112 |
| 2008 | 98 270 |
| 2009 | 101 323 |

### 3.1.1 Активни претпријатија по сектори

Во 2009 година, бројот на активни претпријатија во Република Македонија изнесуваше 61 454. Бројот на мали претпријатија изнесуваше 60 746, бројот на средни претпријатија беше 496 и бројот на големи претпријатија беше 117. Долната табела го покажува бројот на активни претпријатија по сектори за 2009 година.

[7] Регистрирани според Законот за трговски друштва

**Табела 3-2 Број на активни претпријатија по сектори**

| ГОДИНА 2009 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Сектор** | **мали** | **средни** | **големи** | **вкупно** |
| А - ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 1743 | 22 | 4 | 1769 |
| Б - РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | 131 | 6 | 4 | 141 |
| В - ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 6780 | 166 | 45 | 6991 |
| Г - СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА | 53 | 2 | 5 | 60 |
| Ѓ – ГРАДЕЖНИШТВО | 3806 | 44 | 6 | 3856 |
| Д - СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | 222 | 14 | 6 | 242 |
| Е - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | 26506 | 163 | 27 | 26696 |
| Ж - ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 5962 | 22 | 6 | 5990 |
| З - ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА | 3998 | 10 | 1 | 4009 |
| S - ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 1225 | 18 | 7 | 1250 |
| И - фИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ | 313 | 2 | 79 | 394 |
| Ј - ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | 383 | 3 | 1 | 387 |
| К - СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ | 3179 | 9 | 0 | 3188 |
| Л - АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 1032 | 13 | 0 | 1045 |
| Љ - ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | 11 | 4 | 0 | 15 |
| М – ОБРАЗОВАНИЕ | 475 | 4 | 0 | 479 |
| Н - ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 2829 | 14 | 0 | 2843 |
| Њ - УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | 483 | 0 | 1 | 484 |
| О - ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 1612 | 0 | 0 | 1612 |
| П - ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Р - ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТРАТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО :** | **60746** | **516** | **192** | **61454** |

Извор: Централен регистар

Како и изминатите години во 2009 година најголем број на претпријатија се занимаваа со трговија на големо и трговија на мало односно 26 506 или 43,63% од

вкупниот број на активни претпријатија. Иако значајно помали други сектори кои имаа најмалку или приближно 10% од вкупниот број на активните претпријатија беа преработувачката индустрија со 6 991 или 11,37%, како и транспорт и складирање со 5 990 претпријатија или учество 9,74%. Со цел да се добие појасна слика за секторите од минатата година почна да се применува нова национална класификација на дејности која сега сочинува 21 сектор за разлика од старата која сочинуваше 15 сектори.

**Графикон 3-1 Процентуално учество на активните претпријатија во 2009 година.**




Извор: Централен регистар

Состојбата кај малите активни претпријатија е слична на глобалната. Односно овие претпријатија се најактивни во секторот трговија на големо и трговија на мало. Нивниот број во 2009 година изнесуваше 26 506 што претставува 43,63% од вкупниот број на мали активни претпријатија. Други сектори кој значајно учествуваа во вкупниот број на мали активни претпријатија се : преработувачката индустрија со 6 780 претпријатија, транспорт и складирање со 5 962, објекти за сместување и сервисни дејности со храна 3 998 со претпријатија.

Бројот на средните претпријатија во 2009 година изнесуваше 516 претпријатија. Секторот преработувачка индустрија е најзастапен со 166 претпријатија или 32,17% од вкупниот број на средни активни претпријатија. Други сектори кој учествуваа со 10% или повеќе проценти се секторите трговија на големо и трговија на мало со 163 претпријатие или 31,59% и секторот градежништво со 44 претпријатија или 8,52% од вкупниот број на среди активни претпријатија.

За големите претпријатија секторот финансиски дејности и дејности на осигурување беше сектор со најголем број на претпријатија односно 41,14% од вкупниот број на големи претпријатија. Други сектори кои имаа големо учество беа секторите преработувачка индустрија 23,43%, трговија на големо и трговија со 14,06% од вкупниот број на големи активни претпријатија.

**Табела 3-3 Број на ново регистрирани претпријатија преку едно-шалтерскиот систем (2006-2008)**
**НКД рев 1.1**

| | | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| | СЕКТОР | | | |
| А | А - ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЛОВ И ШУМАРСТВО | 327 | 636 | 910 |
| Б | Б – РИБАРСТВО | 7 | 10 | 19 |
| В | В - ВАДЕЊЕ РУДИ И КАМЕН | 28 | 29 | 24 |
| Г | Г - ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 1156 | 1324 | 1233 |
| Д | Д - СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС И ВОДА | 12 | 21 | 31 |
| Ѓ | Ѓ – ГРАДЕЖНИШТВО | 607 | 593 | 731 |
| Е | Е - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО | 3885 | 4499 | 4268 |
| Ж | Ж - ХОТЕЛИ И РЕСТОРАНИ | 730 | 864 | 980 |
| З | З - СООБРАКАЈ, СКЛАДИРАЊЕ И ВРСКИ | 1069 | 1072 | 1008 |
| S | S - ФИНАНСИСКО ПОСРЕДУВАЊЕ | 35 | 41 | 39 |
| И | И - АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ, ИЗНАЈМУВАЊЕ И ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ | 573 | 769 | 821 |
| К | К – ОБРАЗОВАНИЕ | 34 | 72 | 70 |
| Л | Л - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА РАБОТА | 3 | 3 | 2 |
| Љ | Љ - ДРУГИ КОМУНАЛНИ, КУЛТУРНИ, ОПШТИ И ЛИЧНИ УСЛУЖНИ АКТИВНОСТИ | 262 | 346 | 509 |
| М | М - ПРИВАТНИ ДОМАЌИНСТВА СО ВРАБОТЕНИ ЛИЦА | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | **8728** | **10279** | **10646** |

Извор: Централен регистар

### Табела 3-4 Број на ново регистрирани претпријатија преку едно-шалтерскиот систем (2009) НКД Рев 2.0

| | | 2009 |
|---|---|---|
| | **СЕКТОР** | |
| А | А - ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 469 |
| Б | Б - РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | 20 |
| В | В - ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 933 |
| Г | Г - СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА | 35 |
| Д | Д - СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | 33 |
| Ѓ | Ѓ - ГРАДЕЖНИШТВО | 627 |
| Е | Е - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | 3290 |
| Ж | Ж - ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 964 |
| З | З - ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА | 924 |
| Ѕ | Ѕ - ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 230 |
| И | И - фИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ | 28 |
| Ј | Ј - ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | 44 |
| К | К - СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ | 447 |
| Л | Л - АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 163 |
| М | М - ОБРАЗОВАНИЕ | 59 |
| Н | Н - ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 1 |
| Њ | Њ - УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | 144 |
| О | О - ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 314 |
| | **ВКУПНО** | **8725** |

Извор: Централен регистар

Со цел да се добие појасна слика за секторите од минатата година се воведе нова национална класификација на дејности која сега сочинува 21 сектор за разлика од претходната која беше поделена на 15 сектори.

Со усвојувањето на Законот за едно-шалтерски систем и за чување на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица[8], кој што стапи на сила од 01.01.2006 година, едно-шалтерски систем започна да функционира како интегрален дел од

[8] Службен весник на РМ 84/05

Централниот Регистар. Според податоците од едно-шалтерскиот систем, бројот на ново-регистрирани компании во 2006, 2007,2008 и 2009 година изнесуваше 8728, 10279, 10646 и 8725 компании. Од овој број, за 2006 година, 8725 беа МСП, додека во 2007, 2008 и 2009 година сите ново-регистрирани претпријатија беа МСП. Во 2009 година три сектори со најголема вработеност помеѓу ново-регистрираните претпријатија беа секторите на трговија на големо и трговија на мало (3290), преработувачка индустрија (933), и секторот транспорт и складирање со (964) претпријатија.

**Табела 3.5 Број на активни мали средни и големи претпријатија по години (2005-2009)**

| година | мали | средни | големи | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2005 | 43887 | 462 | 84 | 44433 |
| 2006 | 47740 | 440 | 88 | 48268 |
| 2007 | 50541 | 424 | 95 | 51060 |
| 2008 | 62624 | 496 | 117 | 63237 |
| 2009 | 60746 | 516 | 192 | 61454 |

Извор: Централен регистар

Од табела 3-4 можеме да видиме дека бројот на активни претпријатија до 2008 година во година континуирано се зголемува. Поради светската економска криза вкупниот бројот на активни претпријатија се намали во 2009 година и изнесуваше 61 454. Бројот на мали активни претпријатија во 2008 година изнесуваше 62 624 а во 2009 година 60 746 што претставува намалување за 2,99 %. Состојбата кај средните и големите претпријатија оди во нагорна линија споредбено со 2008 година. Средните претпријатија во 2008 година броеја 496 а во 2009 година 516 што претставува зголемување за 3,87%. Слична е состојбата и кај големите претпријатија односно нивниот број во 2008 година изнесуваше 117 а во 2009 година 192 претпријатија што претставува зголемување за 39,06%.

# 4.МСП и надворешната трговија[9]

Во текот на  2009 година промените во трендовите во светската економија се одразија на надворешно трговската размена во Република Македонија. Неповолните економски услови на глобално ниво имаа значителни преносни ефекти врз надворешната трговска размена во 2009-та година. Поради фактот дека повеќе од 60% од надворешната трговска размена отпаѓа на земјите од Европската унија и други развиени земји погодени од финансиската криза дефицитот на тековната сметка се продлабочи 2,1 пати споредбено со 2008 година. Вкупната размена на стоки со странство на годишна основа се сведе на 83,5% од БДП наспроти 112,7% од БДП во претходната година. Забавената меѓународна трговија ја сведе размената на стоки со странство речиси на просечно ниво од 2001 до 2004 година. Падот на глобалната побарувачка се одрази со значителен пад на извозот на стоки кој што се сведе на 29% од БДП наспроти просечното учество од 40% од БДП во последните три години. Во 2009 година увозот на стоки се сведе на 54,5% од БДП наспроти просечното учество на 65% од БДП во изминатите години.

### 4.1 Извоз од Република Македонија

Падот на извозот на индустриските производи придонесе најголем дел или околу 78% од вкупниот пад на извозот во 2009 година, додека помал дел се објаснува преку намалената приватна потрошувачка на економиите на нашите трговски партнери и големиот пад на извоз на нафтата. При тоа две третини од падот на извозот се резултат на годишниот пад на извозот на железо и челик односно 56%, со што се покажа чувствителноста на домашната економија на високиот степен на извозена конкуренција. Намалената количинска побарувачка на железо и челик и падот на цените на металите на светските берзи се одразија врз вредноста на овој многу значаен извозен сегмент. Останатиот дел од падот на извозот се должи на намалениот извоз на нафта и производи од нафта, на облека и на метална руда и метални отпадоци. Извозот на нафта и производи од нафта се намали за 33% на годишна основа, во услови на пониска извозена цена и помала количина. Извозот

[9] Бидејќи недостасуваат податоци за МСП, ова поглавје ги опфаќа сите големини на претпријатија заедно.

на облека којшто претставува втора најзначајна извозна категорија, забележа годишно намалување од 13,4% условено од пониската потрошувачка во економиите на нашите трговски партнери. Извозот на метална руда и метални отпадоци се намали за 38,7% споредбено со претходната година.

**Табела 4-1 Земји во кои македонските претпријатија извезуваат**

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Држава | Извоз (во милиони дол) | % | Извоз (во милиони дол) | % | Извоз (во милиони дол) | % | Извоз (во милиони дол) | % |
| Србија | 557,85 | 23,24 | 672,69 | 19.8 | 973,29 | 24.47 | 632.47 | 23.50 |
| Германија | 375,48 | 15,64 | 501,78 | 14.77 | 563,25 | 14.16 | 450.38 | 16.73 |
| Грција | 361,16 | 15,04 | 424,65 | 12.5 | 535,00 | 13.45 | 290.01 | 10.78 |
| Италија | 236,85 | 9,87 | 349,89 | 10.3 | 321,00 | 8.07 | 217.97 | 8.10 |
| Бугарија | 130,14 | 5,42 | 243,91 | 7.18 | 376,64 | 9.47 | 216.95 | 8.06 |
| Белгија | 83,15 | 3,46 | 178,08 | 5.24 | 109,21 | 2.75 | 36.13 | 1.34 |
| Шпанија | 50,40 | 2,10 | 172,95 | 5.09 | 76,90 | 1.93 | 38.71 | 1.44 |
| Хрватска | 124,23 | 5,17 | 165,13 | 4.86 | 228,96 | 5.76 | 152.72 | 5.67 |
| Босна и Херцеговина | 64,70 | 2,70 | 88,97 | 2.62 | 104,84 | 2.64 | 86.64 | 3.22 |
| Обединетото Кралство | 36,46 | 1,52 | 75,96 | 2.24 | 69,94 | 1.76 | 42.89 | 1.59 |
| Албанија | 40,56 | 1,69 | 73,11 | 2.15 | 106,77 | 2.68 | 83.95 | 3.12 |
| Холандија | 55,39 | 2,31 | 73,15 | 2.15 | 70,61 | 1.77 | 61.53 | 2.29 |
| Словенија | 41,18 | 1,72 | 69,06 | 2.03 | 65,11 | 1.64 | 34.27 | 1.27 |
| Турција | 55,18 | 2,30 | 53,78 | 1.58 | 31,56 | 0.79 | 40.76 | 1.51 |
| САД | 22,42 | 0,93 | 52,74 | 1.55 | 11,09 | 0.28 | 9.49 | 0.35 |
| Русија | 25,48 | 1,06 | 23,60 | 0.69 | 32,68 | 0.82 | 22.54 | 0.84 |
| Австрија | 14,99 | 0,62 | 19,97 | 0.59 | 22,49 | 0.57 | 19.08 | 0.71 |
| Франција | 10,29 | 0,43 | 16,06 | 0.47 | 24,27 | 0.61 | 12.60 | 0.47 |
| Шведска | 50,40 | 2,10 | 15,23 | 0.45 | 9,43 | 0.24 | 9.46 | 0.35 |
| Швајцарија | 10,19 | 0,42 | 10,75 | 0.32 | 16,14 | 0.41 | 17.38 | 0.65 |
| Данска | 1,56 | 0,06 | 3,73 | 0.11 | 13,83 | 0.35 | 2.23 | 0.08 |
| Чешка | 10,66 | 0,44 | 11,33 | 0.33 | 14,33 | 0.36 | 9.32 | 0.35 |
| Јапонија | 1,23 | 0,05 | 0,67 | 0.02 | 1,29 | 0.03 | 3.16 | 0.12 |
| Кина | 1,47 | 0,06 | 0,58 | 0.02 | 1,61 | 0.04 | 3.24 | 0.12 |
| Други земји | 50,98 | 2,13 | 100,50 | 2.96 | 197,99 | 4.98 | 197.62 | 7.34 |
| Вкупно: | 2400,71 | 100,00 | 3398,27 | 100,00 | 3978,23 | 100,00 | 2691,53 | 100.00 |

Како што може да се види од табела 4-1 вкупниот извоз од Република Македонија во 2009 година изнесуваше 2691 милиони САД $. Во однос на 2008 година обемот на извоз се намали за 32,34% или 1286 милиони САД $.

Од табелата 4-1 може да се заклучи дека претпријатијата од Република Македонија извезуваат претежно во земјите на ЕУ (Германија, Грција, Италија и Бугарија), и во земјите од регионот (Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина).

Со 23,50% од вкупниот извоз во 2009 година Србија беше главен увозник на Македонските производи. Со исклучок на оваа година извозот во оваа земја континуирано од година во година се зголемуваше иако извозот споредбено со претходната година е намален сепак Србија останува најголем увозник на нашите производи. Вредносните индикатори укажуваат особено позитивна слика во однос на извозот во други земји, како Германија, Грција, Бугарија, Албанија, Хрватска, итн.

Над половина од вредноста на извозот во 2009 година (или 59,11%) оди во само 4 земји Србија, Германија, Италија и Грција.

Поради на светската економска криза има и држави со кои Република Македонија во 2009-та година, не извезуваше толку многу колку во претходните години. Позначајни падови во извозот се Шпанија потоа Белгија, Италија, САД, Словенија Хрватска и други.

**4.2 Увоз во Република Македонија**

Вредноста на вкупно увезените стоки во 2009 година изнесува 5043 милиони САД $. Споредбено со 2008 година вкупниот увоз е намален за 1808 милиони САД долари односно 26,39%.

Намалувањето на увозот, за разлика од намалувањето на извозот, беше распределено во повеќе сектори. Ефектите од кризата, коишто се многу кратко задоцнување се одразија врз извозот, доведоа до намалување и на увозот на суровини и репроматеријали. Така, половина од падот на вредноста на увезените стоки се должи на понискиот увоз на индустриски набавки потребни за

производство, односно намалената увозно-извозна компонента. Увозот на железо и челик забележа речиси идентичен пад како и извозот за 57,4% на годишна основа, а увозот на метална руда и метални отпадоци се намали со истиот интензитет односно 54% на годишна основа. Остатокот од намалувањето на увозот, или околу една третина се должат на падот на увезената енергетска компонента. Намалувањето на економската активност и понискиот степен на искористеност на индустриските капацитети условија и пад на увозот на електрична енергија и гас за 62% односно за 46% на годишна основа. Воедно нааглото намалување на цената на нафтата и производите од нафта имаше надолен ефект врз нивната увозна вредност со пад од 29% споредбено со минатата година. Исто така со прилагодувањето на потрошувачката на домаќинствата се одрази со понизок увоз на производи за широка потрошувачка.

Гледано по региони најголем увоз во 2009 година е забележан од развиените земји, а во тие рамки на увозот од земјите членки на ЕУ отпаѓаат 50% од вкупниот увоз во Република Македонија.

**Табела 4-2 Увоз во Република Македонија**

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Држава | Увоз (во милиони дол) | % | Увоз (во милиони дол) | % | Увоз (во милиони дол) | % | Увоз (во милиони дол) | % |
| Русија | 569,58 | 15,58 | 638,18 | 12.09 | 930,89 | 13.59 | 495.02 | 9.82 |
| Германија | 369,27 | 10,10 | 533,13 | 10.1 | 650,33 | 9.49 | 517.49 | 10.26 |
| Србија | 282,85 | 7,74 | 455,89 | 8.63 | 538,45 | 7.86 | 398.81 | 7.91 |
| Грција | 319,88 | 8,75 | 416,24 | 7.88 | 510,83 | 7.46 | 439.17 | 8.71 |
| Италија | 226,92 | 6,21 | 313,28 | 5.93 | 382,91 | 5.59 | 361.71 | 7.17 |
| Бугарија | 250,17 | 6,84 | 271,13 | 5.13 | 327,07 | 4.77 | 242.63 | 4.81 |
| Кина | 139,39 | 3,81 | 245,65 | 4.65 | 314,77 | 4.59 | 289.41 | 5.74 |
| Турција | 123,92 | 3,39 | 198,46 | 3.76 | 268,75 | 3.92 | 250.75 | 4.97 |
| Полска | 117,68 | 3,22 | 162,67 | 3.08 | 265,29 | 3.87 | 83.22 | 1.65 |
| Словенија | 129,41 | 3,54 | 156,08 | 2.96 | 203,36 | 2.97 | 190.88 | 3.78 |
| Швајцарија | 59,08 | 1,62 | 114,67 | 2.17 | 292,69 | 4.27 | 123.15 | 2.44 |
| Хрватска | 78,96 | 2,16 | 110,85 | 2.1 | 137,71 | 2.01 | 118.34 | 2.35 |
| Австрија | 80,56 | 2,20 | 102,75 | 1.95 | 119,83 | 1.75 | 100.30 | 1.99 |
| Романија | 91,87 | 2,51 | 96,66 | 1.83 | 117,51 | 1.72 | 107.82 | 2.14 |
| Франција | 66,25 | 1,81 | 90,77 | 1.72 | 121,25 | 1.77 | 91.41 | 1.81 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| САД | 41,00 | 1,12 | 77,47 | 1.47 | 99,18 | 1.45 | 110.73 | 2.20 |
| Бразил | 39,64 | 1,08 | 75,36 | 1.43 | 121,65 | 1.78 | 62.91 | 1.25 |
| Холандија | 59,77 | 1,63 | 75,31 | 1.43 | 93,72 | 1.37 | 70.42 | 1.40 |
| Чешка | 32,79 | 0,90 | 64,61 | 1.22 | 65,40 | 0.95 | 51.89 | 1.03 |
| Унгарија | 38,06 | 1,04 | 55,24 | 1.05 | 80,56 | 1.18 | 50.90 | 1.01 |
| Шведска | 29,15 | 0,80 | 55,03 | 1.04 | 53,54 | 0.78 | 31.63 | 0.63 |
| Кореја | 41,24 | 1,13 | 55,09 | 1.04 | 57,44 | 0.84 | 38.38 | 0.76 |
| Шпанија | 51,73 | 1,41 | 52,09 | 0.99 | 54,80 | 0.8 | 48.35 | 0.96 |
| Обединетото Кралство | 37,17 | 1,02 | 52,88 | 1.00 | 67,08 | 0.98 | 62.51 | 1.24 |
| Јапонија | 26,96 | 0,74 | 41,24 | 0.78 | 57,87 | 0.84 | 54.36 | 1.08 |
| Босна и Херцеговина | 26,53 | 0,73 | 34,94 | 0.66 | 52,60 | 0.77 | 46.53 | 0.92 |
| Белгија | 26,22 | 0,72 | 32,41 | 0.61 | 42,10 | 0.61 | 33.53 | 0.66 |
| Канада | 36,04 | 0,99 | 15,77 | 0.3 | 17,35 | 0.25 | 23.22 | 0.46 |
| Други земји | 264,63 | 7,24 | 686,55 | 13 | 806,64 | 11.77 | 547.66 | 10.86 |
| Вкупно | 3656,72 | 100,00 | 5280,58 | 100,00 | 6851,57 | 100,00 | 5043,11 | 100.00 |

Извор: Државен завод за статистика, Народна банка на Р.Македонија

# 5. МСП и вработувањето

Вработувањето е важен елемент бидејќи тоа обезбедува средства за задоволување на личните потреби и потребите на домаќинството. За да се искористат предностите на денешната економија кои се засноваат на знаење, значајно е вработените постојано да се образуваат, да се надградуваат нивните вештини, да се следат трендовите на технолошки развој, како и да се адаптира на промените без да се соочат со потешкотии- како еден од најзначајните предуслови за нивно прилагодување на пазарот на работната сила. За да се искористат новите технологии и можности кои ги дава информатичката и комуникациската технологија, компаниите имаат потреба од едуцирани и квалитетно обучени кадри. Поради ова, подобрувањето на образованието, вештините и квалитетот на вработените треба да биде приоритет за секоја земја.

### 5.1 Вработување во Република Македонија

Вработувањето во Република Македонија од година во година се зголемува. Но сепак најголемиот проблем изминативе години со кој се соочува Република Македонија е невработеноста. Според податоците на Државнот завод за статистика и Агенцијата за вработување актовното население во Република Македонија во 2009 година изнесуваше 928 775 лица, од кој вработени се 629 901 лице или 67,8%, а невработени се 298 873 односно 32,2%. Бројот на вработени лица споредбено со претходната година е зголемен за 3,4%. Во однос на 2008 година бројот на невработени лица белжи намалување од 3,7%. Стпката на активност на населението во 2009 година изнесуваше 56,7% стапката на вработеност 38,4%, додека стапката на невработеност изнесуваше 32,2% и споредбено со 2008 година бележи намалување.

Бројот на вработени во малите средните и големите претпријатија во 2009 година изнесуваше 343 059. Од нив 62% беа вработени во малите претпријатија, 17% во средните и 20% во големите претпријатија. Од овие податоци најубаво може да се види значењето на секторот на МСП кој вработува над ¾ односно речиси 4/5 од вкупната работна сила во Република Македонија односно 79%. Во 2009 –та година 213 789 лица беа вработени во малите претпријатија 58 960 во средните и 70310 лица во големите претпријатија.

**Графикон 5-1 Процентуална распределба на вработените по претпријатија во 2009 година**




Извор: Централен регистар

### 5.2 Самовработување

Долгорочна цел на програмата самовраборување е намалување на невработеноста и сиромаштијата преку започнување на нови бизниси. Програмата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на солидни и одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и субвенција за започнување на бизнисот.

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина на 201,897.00 денари, од кои 185,000.00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и репроматеријали, додека останатите 16,897.00 денари служат за поддршка во вид на основна обука за водење бизнис, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

Целна група :

250 млади невработени лица до 27 години, евидентирани во АВРМ повеќе од шест месеци;

150 невработени жени, евидентирани во АВРМ повеќе од една година;

200 долгорочно невработени лица, евидентирани во АВРМ повеќе од една година;

Опфат на корисници:

600 евидентирани невработени лица

Невработените лица кој ќе се вклучат во оваа програма нема да можат да се вратат во евиденција на АВРМ во период од три години. Надлежните институции (МТСП, АВРМ, АППРМ и УНДП) ги превземаа сите неопходни активности за реализација на оваа програма.

Реализирани активности

Избрани се оперативни упатства за проектот кој има за цел детално да ги опише методологијата, активностите и чекорите што МТСП, АВРМ, АППРМ, Централен Регистар и УНДП, заеднички ќе ги преземат за операционализирање на активната мерка.

Со цел популаризирање на активната мерката за вработување Програма за самовработување, одговорните лица од Центрите за вработување имаа настапи на локалните телевизии во кој ја презентираа програмата. Исто така беше изработен пропаганден материјал (флаери) во кој беа наведени потребните информации за мерката од интерес за невработените лица. Истиот преку центрите за вработување беше доставуван до заинтересираните лица.

Согласно  Оперативните упатства изработен е Јавен оглас, работен план, обрасци за пријавување, информативни листови, документи за прифаќање, критериуми за селекција, табели за селекција, тим за мониторинг, упатства за ваучерската програма и др.

Во секој центар за вработување формиран е Тим за спроведување на активни мерки и политики за вработување и определена просторија за прием на заинтересирани невработени лица, со цел конкретно информирање мерката.

Така врз основа на објавениот оглас, пријава поднесоа вкупно 1517 невработени лица. Со пополнување на прашалникот за распознавање на претприемачките афинитети кај апликантите изработен од Економски институт во Скопје и бодирање на одговорите од прашалникот, се изработи единствена ранг листа на кандидатите. Комисија за селекција изврши рангирање спрема бодовите освоени при пополнување на прашалникот. На конечната ранг листа се најдоа вкупно 900 апликанти од кој 836 продолжија со обука ‘’ОД ИДЕА ДО БИЗНИС’’

**Табела 5-1 Кандидати за проектот самовработување**

| Активност | Вкупно |
|---|---|
| Пријавени кандидати | 1 517 |
| Посетувале обука од идеа до бизнис | 836 |
| Изработени бизнис планови | 704 |
| Конечна селекција (финансиски поддржани) | 654 |

Од долниот графикон може да се забележи дека најголем интерес за проектот самовработување искажале лицата кои одлучиле да регистрираат претпријатие за земјоделие, трговија и услужни дејности. На овие три дејности опаѓаат 57% од вкупните 22 дејности. На останатите 19 дејности отпаѓаат 43% од вкупните дејности во кој најзастапени се текстил, кожа, обувки, прехрана дрвна индустрија и одржување на моторни возила.

**Графикон 5.2 Преглед на бизнисите по дејности**




Извор : АППРМ

### 5.3 Вработување по сектори на економска активност

Значаен индикатор кој илустрира кои сектори на МСП се најзначајни за креирање на работни места е и вработување по сектори на економска активност. Во долната табела се претставени бројот на вработени по сектори за 2009 година.

Вкупниот број на вработени во активните претпријатија изнесуваше 343 059 вработени. Сектор со најголем број на вработени како и изминатите години беше секторот преработувачка индустрија кој во 2009 година имаше 100 898 вработени или 29,40% од вкупниот број на вработени лица. Исто така и секторот трговија на големо и трговија на мало имаше значајна улога во вкупниот број на вработени односно со 80 192 вработени или 23,37%.

**Табела 5-2 Број на вработени по сектори на економска активност**

| ГОДИНА 2009 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| СЕКТОР | Број на вработени | | | |
| | МИКРО | МАЛИ | СРЕДНИ | ГОЛЕМИ |
| А - ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 1488 | 3008 | 2271 | 4334 |
| Б - РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | 75 | 1057 | 373 | 2584 |
| В - ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 7145 | 51560 | 24245 | 17948 |
| Ѓ - ГРАДЕЖНИШТВО | 3758 | 12232 | 4035 | 6097 |
| Г - СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА | 18 | 144 | 227 | 7516 |
| Д - СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | 201 | 2435 | 2948 | 3633 |
| Е - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | 26737 | 37852 | 7964 | 7640 |
| Ж - ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 6114 | 9688 | 1973 | 7778 |
| З - ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА | 6746 | 7045 | 1215 | 330 |
| Ѕ - ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 984 | 2925 | 1947 | 3421 |
| И - ФИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ | 328 | 228 | 74 | 8054 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ј - ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | 295 | 792 | 363 | 382 |
| К - СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ | 3625 | 4424 | 662 | |
| Л - АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 987 | 6590 | 7076 | |
| Љ - ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | 6 | 88 | | |
| М - ОБРАЗОВАНИЕ | 811 | 809 | 534 | |
| Н - ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 6692 | 1846 | 605 | |
| Њ - УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | 480 | 1652 | 2448 | 593 |
| О - ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 2049 | 875 | | |
| П - ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ | 2 | | | |
| ВКУПНО : | 68540 | 145249 | 58960 | 70310 |

Извор: Централен регистар

### 5.4 Вработување според видот на сопственост на претпријатијата

За да се зголеми стапката на вработеност, како и за да се поддржат вработените, многу е значајно да се знае каде работат вработените според видот на сопственост на претпријатијата. Ова значи, колку лица работат во приватни, државни, јавни или други видови на претпријатија.

Табелата 5.2 го прикажува бројот на вработени во 2009 година според видот на сопственост и големина на претпријатијата. Бројот на вработени кои работат во приватните МСП е најголем, и достигнува 247 237 или 78,38%

**Табела 5-3 Број на вработени во претпријатија според вид на сопственост на Претпријатијата во 2009 година**

| Година 2009 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *(Вид на сопственост)* | Мали | Средни | Големи | Вкупно | % |
| Задружена сопственост | 155 | 0 | 32 | 187 | 0.06 |
| Во државна сопственост | 1374 | 1833 | 16469 | 19676 | 6.24 |
| Приватни | 201603 | 42563 | 3071 | 247237 | 78.38 |
| Недефинирано | 8917 | 11048 | 17141 | 37106 | 11.76 |
| Јавни | 1614 | 2837 | 4722 | 9173 | 2.91 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мешовита сопственост | 126 | 679 | 1245 | 2050 | 0.65 |
| Вкупно | 213789 | 58960 | 42680 | 315429 | 100,00 |

Графиконот 5.2 ја прикажува процентуалната распределба на вработените во МСП според видот на сопственост на претпријатијата. Од вкупниот број на вработени во 2009 година, 247 237 или 78,38% беа вработени во приватните претпријатија, 11,76% од вработените работеа во претпријатија со се уште недефиниран вид на сопственост, а 6,24% во претпријатија во државна сопственост и 2,91% во јавни претпријатија.

**Графикон 5-3 Вработени во МСП според видот на сопственост на претпријатијата во 2009 година**




Извор: Централен регистар

### 5.5 Невработеност во Република Македонија

Република Македонија има континуирано висока стапка на невработеност која негативно влијае на животниот стандард на поголемиот дел од населението и ја

зголемува сиромаштијата во земјата. Преструктуирањето од централно планирање во пазарна економија на краток и среден рок имаше негативни реперкусии на пазарот на работаната сила. Дополнителен товар за создавањето на нови работни места е отворањето на економијата кон пазарите на ЕУ. Иако е на неприфатливо високо ниво стапката на невработеност континуирано од година во година се намалува.

Бројот на невработените лица по пол во период од 2004-2009 година е прикажан во графиконот 5-4. Како што може да се забележи од графиконот вкупниот број на невработени лица во 2009-та година изнесуваше 341 295 лица. Споредбено со невработените лица од 2004-та година претставува намалување од 49 777 лица. Од овој графикон може да се забележи дека бројот на невработените жени е секогаш помал од бројот на мажите. Ова е последица на фактот дека помалку жени официјално се декларираат како невработени. Бројот на невработени жени во 2009-та година изнесуваше 145 939 или 43% споредбено со бројот на мажите кој беше 195 356 или 57%

**Графикон 5-4 Број на невработени лица по пол во Република Македонија**




Извор: Агенција за вработување

Структурата на невработените лица според старосната структура има голема важност и влијае врз состојбите во секторот на МСП. Невработените лица не се само извор на идни вработени во рамките на постоечките МСП, тие исто така и се основа за формирање на нови бизниси.

Од табелата 5-3 прикажана подолу го претставува бројот на невработени лица според возраста. Бројот на невработени лица од редот на младите луѓе како што може да се забележи опаѓа. Ако во 2000-тата година бројот на невработеноста кај популацијата до 30 години изнесуваше 162 864 односно 44,5%, во 2009 та година овој број изнесува 92 933 односно 27,2% од вкупниот број на невработени лица. Исто така од табелата 5-3 може да се забележи дека невработените до 40 годишна возраст опаѓа.

Сепак, како што бројот на невработени до 30 години и групата од 30 до 40 години се намалува, бројот на невработени лица од популацијата од 40-50 години стагнира односно од 50 и над 50 години се зголемува. Ако бројот на невработени од 50 години и повеќе во 2000-тата година беше 45 511, во 2009 година изнесува 91 970 лица што претставува 26,9% од вкупниот број на невработени лица.

**Табела 5-4 Број на невработени лица според нивната возраст**

| | до 30 | % | 30-40 | % | 40-50 | % | 50 и над 50 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| 2000 | 162 864 | 44,5 | 95 430 | 26,1 | 62 406 | 17,0 | 45 511 | 12,4 |
| 2001 | 152 927 | 41,8 | 95 189 | 26,0 | 63 896 | 17,4 | 48 328 | 13,2 |
| 2002 | 148 226 | 40,5 | 99 822 | 27,3 | 71 901 | 19,6 | 54 195 | 14,8 |
| 2003 | 132 895 | 36,3 | 105 174 | 28,7 | 82 156 | 22,4 | 70 136 | 19,2 |
| 2004 | 133 604 | 36,5 | 105 651 | 28,8 | 83 008 | 22,7 | 71 273 | 19,5 |
| 2005 | 110 865 | 30,3 | 92 103 | 25,2 | 79 809 | 21,8 | 77 182 | 21,1 |
| 2006 | 106 882 | 29,2 | 91 005 | 24,8 | 79 774 | 21,8 | 85 890 | 22,9 |
| 2007 | 104 471 | 29,3 | 88 796 | 24,8 | 79 962 | 22,4 | 83 937 | 23,5 |
| 2008 | 95 253 | 27,7 | 82 777 | 24,1 | 77 033 | 22,4 | 88 300 | 25,7 |
| 2009 | 92 933 | 27,2 | 80 028 | 23,4 | 76 364 | 22,3 | 91 970 | 26,9 |

Извор: Агенција за вработување

# 6. Финансиска состојба и финансирање на МСП

Клучна карактеристика на секое претпријатие е финансиската состојба. Претпријатијата треба да имаат познавања на финансискиот менаџмент и финансирањето на претпријатијата. Финансиската анализа помага да се прикаже финансиската состојба и како истата може да се промени. Индикаторите на профитабилност се само едни, но не и единствени индикатори со кои се оценува финансиската состојба на претпријатијата. Останати се индикаторите за ликвидноста, за финансиска стабилност, или индикаторите на готованскиот тек.

## 6.1 Добивка (профит) и загуба на претпријатијата

Добивката (профитот) е еден од најзначајните индикатори на успешноста за секое претпријатие. Во многу случаи, профитот или загубата, се два фактори кои утврдуваат дали претпријатието треба да продолжи со своите активности или не. Истражувањата покажуваат дека претпријатијата, особено оние од секторот на МСП , можат да преживеат во првите три години од нивното основање, дури и ако тие остваруваат загуби, со што ќе го намалуваат својот капитал и веројатно ќе продолжат да функционираат и во наредните години како би остварувале профит.

**Табела 6-1 Добивката и загубата остварена кај претпријатијата**

| | Мали | | | Средни | | | Големи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Финансиски индикатори* | 2008 | 2009 | индекс 2008/2009 | 2008 | 2009 | индекс 2008/2009 | 2008 | 2009 | индекс 2008/2009 |
| *(000 МКД)* | | | | | | | | | |
| Добивка пред оданочување | 31,189,908 | 37,471,394 | 120% | 9,148,187 | 12,044,287 | 132% | 27,063,305 | 23,665,663 | 87% |
| Загуба пред оданочување | 10,387,801 | 11,355,992 | 109% | 2,465,707 | 5,062,251 | 205% | 10,139,093 | 11,704,120 | 115% |
| Нето добивка | 27,206,558 | 35,224,651 | 129% | 11,876,011 | 11,456,477 | 96% | 24,529,354 | 21,309,032 | 87% |
| Загуба | 9,920,934 | 11,296,488 | 114% | 2,444,555 | 5,004,442 | 205% | 9,911,995 | 11,846,691 | 120% |

Извор: Централен регистар

Табелата 6.1 ја претставува добивката загубата остварена кај претпријатијата во Република Македонија за 2008 и 2009 година. Вкупната вредност добивката пред оданочување остварена кај сите видови на претпријатија, во 2009 година

изнесувала 73 181 милиони МКД, што претставува зголемување од 8,57% споредбено со претходната година (кога истата изнесувала 67 401 милиони МКД). Во 2009 година, МСП допринеле со 67,66% во вредноста на вкупната добивка кај претпријатија, додека во 2008 година овој сооднос беше 59.84% што претставува зголемување на добивката остварена кај МСП во 2009 година.

Покрај претпријатијата кои оствариле добивка, некои претпријатија оствариле загуба поради одредени причини, како што се, лош квалитет, високи цени на услугите и производите кои ги нудат, или поради други пазарни причини, задоволство на клиентите, итн. МСП во 2009 година се соочија со проблем на недостаток на обртен капитал пред се заради влошената ликвидност на компаниите односно нивните купувачи како и на поконзервативниот пристап на деловните банки при финансирање на МСП. Со почетокот на светската финансиска криза МСП се соочија со намалена побарувачка како на домашниот така и на странските пазари.

Вредноста на загубата остварена кај претпријатијата во 2009 година била 28 122 милиони МКД. Споредбено со 2008 година, вредноста на загубата во 2009 година била зголемена за 5 129 милиони МКД, кога истата изнесувала 22 992 милиони МКД. што се должи на зголемените трошоци во работењето односно намалената продуктивност на компаниите.

Во 2009 година, вредноста на загубите остварена кај малите претпријатија се зголемила 9,1% споредбено со 2008 година. Загубите помеѓу средните претпријатија се зголемила за високи за 48,7%, додека вредноста на загубата кај големите претпријатија во 2008 година, споредбено со претходната година се зголемила за 8,6%. Од презентираните податоци може да се заклучи дека сите претпријатија ја намалиле својата продуктивност во работењето во 2009 година.

**Табела 6-2 Вредноста на активата и пасивата**

| *Финансиски индикатори 000 МКД* | Мали | | | Средни | | | Големи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Актирва* | 2008 | 2009 | индекс 2008/2009 | 2008 | 2009 | индекс 2008/2009 | 2008 | 2009 | индекс 2008/2009 |
| | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А. ПОБАРУВАЊА ЗА ЗАПИШАН, А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ | 843,221 | 829,691 | 98% | 328,577 | 321,557 | 98% | 1,700 | 1,988 | 117% |
| Б. ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | 215,181,830 | 241,457,236 | 112% | 75,336,626 | 86,026,241 | 114% | 278,647,596 | 331,490,326 | 119% |
| I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 5,094,566 | 5,032,483 | 99% | 2,095,378 | 2,446,615 | 117% | 8,862,415 | 16,451,198 | 186% |
| II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 170,986,634 | 194,639,715 | 114% | 65,116,810 | 68,500,732 | 105% | 230,476,123 | 280,085,593 | 122% |
| III. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА-ДОЛГОРОЧНИ | 39,100,629 | 41,785,038 | 107% | 8,124,438 | 15,078,893 | 186% | 39,309,057 | 34,863,534 | 89% |
| В. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (обртни средства) | 257,729,386 | 272,485,105 | 106% | 86,702,524 | 92,779,198 | 107% | 166,135,192 | 159,011,847 | 96% |
| I. ЗАЛИХИ | 78,781,959 | 81,913,340 | 104% | 28,359,851 | 28,200,351 | 99% | 42,616,796 | 42,712,503 | 100% |
| II. ПОБАРУВАЊА | 135,156,532 | 145,806,593 | 108% | 47,117,097 | 51,313,055 | 109% | 93,402,050 | 88,210,539 | 94% |
| III. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА-КРАТКОРОЧНИ | 20,726,968 | 22,169,009 | 107% | 5,310,301 | 7,785,441 | 147% | 17,971,417 | 17,124,186 | 95% |
| IV ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 23,063,926 | 22,596,162 | 98% | 5,915,274 | 5,691,118 | 96% | 12,144,927 | 17,529,499 | 144% |
| Д. ВКУПНА АКТИВА | 473,754,438 | 514,772,304 | 109% | 162,042,437 | 179,126,998 | 111% | 444,784,489 | 490,502,173 | 110% |
| Пасива: | | | | | | | | | |
| А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ | 180,181,228 | 211,002,170 | 117% | 69,242,025 | 55,673,116 | 80% | 256,212,464 | 257,998,144 | 101% |
| I. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | 139,694,770 | 147,136,972 | 105% | 48,365,777 | 55,673,116 | 115% | 202,235,435 | 257,998,144 | 128% |
| II. ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ | 970,081 | 888,119 | 92% | 587,813 | 514,988 | 88% | 1,372,033 | 1,456,258 | 106% |
| III. РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА | 4,187,977 | 7,688,550 | 184% | 4,155,757 | 4,125,042 | 99% | 27,382,714 | 25,362,547 | 93% |
| IV. РЕЗЕРВИ | 13,819,545 | 16,257,896 | 118% | 6,204,508 | 6,725,791 | 108% | 15,576,261 | 16,324,192 | 105% |
| V. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 40,455,079 | 55,144,785 | 136% | 16,282,983 | 22,030,711 | 135% | 31,197,091 | 35,752,783 | 115% |
| VI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-) | 36,231,849 | 40,042,317 | 111% | 11,876,011 | 14,840,959 | 125% | 36,168,431 | 40,674,719 | 112% |
| VII. ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА | 27,206,558 | 35,224,651 | 129% | 7,965,750 | 11,456,477 | 144% | 24,529,354 | 21,309,032 | 87% |
| VIII. ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА | 9,920,934 | 11,296,488 | 114% | 2,444,555 | 5,004,442 | 205% | 9,911,995 | 11,846,691 | 120% |
| Б.РЕЗЕРВИРАЊА ЗА ОБВРСКИ И ТРОШОЦИ | 596,179 | 1,112,201 | 187% | 71,905 | 94,681 | 132% | 3,543,145 | 2,847,091 | 80% |
| В. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОВЕРИТЕЛИ | 286,364,137 | 298,549,326 | 104% | 89,623,114 | 95,816,777 | 107% | 166,978,265 | 164,944,343 | 99% |
| Г. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НАТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ | 6,612,893 | 4,108,605 | 62% | 3,105,393 | 2,534,843 | 82% | 18,050,613 | 17,029,188 | 94% |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ДОВЕРИТЕЛИТЕ (ДОЛГОРОЧНИ) | 59,020,091 | 71,342,258 | 121% | 24,149,980 | 26,122,656 | 108% | 52,931,739 | 47,822,275 | 90% |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ДОВЕРИТЕЛИТЕ (КРАТКОРОЧНИ) | 227,344,045 | 227,207,068 | 100% | 65,473,133 | 69,694,120 | 106% | 114,046,525 | 117,122,068 | 103% |
| Д. ВКУПНО ПАСИВА | 473,754,438 | 514,772,304 | 109% | 162,042,437 | 179,126,998 | 111% | 444,784,489 | 490,502,173 | 110% |

Извор: Централен регистар

Во 2009 година, зголемувањето на фиксната актива се должеше поради зголемувањето на материјалната актива (недвижнини, опрема и др.) кај претпријатијата, споредбено со 2008 година. Поради ова, и вредноста на активата кај претпријатијата се зголемила.

Што се однесува до работниот капитал (залиха, готовина и побарувања) во 2009 година исто така се бележи зголемување споредбено со 2008 година. Ваквите развој на настаните има позитивен ефект на ликвидноста на претпријатијата иако светската економска криза длабоко е навлезена и во македонската економија.

Зголемената вредност на побарувањата кај малите и средните претпријатија во 2009 година покажува дека претпријатијата не успеале  ги наплатат сите средства од продажбата во текот на 2008 година односно се соочуваа со зголемени проблеми при наплата на своите побарувања. Зголемената вредност на залихите и побарувањата, исто така имаат негативно влијание врз паричните текови на претпријатијата.

Обврските (краткорочните и долгорочните) во 2009 година, споредбено со 2008 година се зголемиле во сите видови на претпријатија. Ова значи дека, генерално се зголемиле долговите на претпријатија, а се намалила нивната ликвидност. Намалената ликвидност значи дека претпријатијата се неспособни да ги платат своите доспеани обврски во дадениот временски период.

Зголемената добивка во финансиската година кај малите и средните претпријатија се должи на високиот обрт. Додека големите претпријатија споредбено со претходната година имаат помала добивка.

## 7. Даночна политика

Во 2007 година Владата на Република Македонија направи големо преструктуирање на македонскиот даночен систем. До тогаш во функција беа прогресивните стапки на персонален данок од 15% 18% и 24%. Данокот на добивка изнесуваше 15%. Во 2007 година стапи на сила нов даночен систем или така наречен ‘’РАМЕН ДАНОК’’. Истата година персоналниот данок и данокот на добивка беа намалени на 12%, а наредната 2008 година истите изнесуваа 10%. Целта на воведување на новиот систем на оданочување е да се намали сивата економија да се привлечат домашни и странски инвестиции.

Наспроти прогресивните системи на оданочување, системот на рамен данок е едноставен, фер и добар за растеж на економијата. Споредено со многуте потребни форми за пресметување во системите со прогресивни стапки, во системот на рамен данок се употребуваат само две форми на пресметување: една за персонален данок (данок кој претставува давачка по основ на лични т.е. приходи) и една за оданочување на бизнисот и капиталните приходи. Спротивно на старите системи, кои се засноваа на стапката изворот на приходи, (употребата и висината на приходот), рамниот данок ги третира сите даночни обврзници еднакво, промовирајќи и исполнувајќи го принципот "еднакво право по закон". И спротивно на системите, кои на извесен начин ги казнуваат субјектите кои придонесуваат за националното ниво на богатство, системот на рамен данок ги намали крајните стапки на данокот и ги елиминира даночните дубиози за предрасуди кои во определен момент се присутни кај штедењето и инвестирањето, при што придонесува за подобра и посигурна клима за економски дејствија во конкурентскиот глобален систем.

Во изминатите години, во светот опстојуваат неколку базични предлози за начините на воведување на рамен данок, сите базирани врз основа на преформулација на досегашните правци развиени од економистите на Хувер институтот (Hoover Institution). Не постојат само два предлога за воведување поинаков даночен систем, и тие не се идентични, но базично имаат заедничка црта која предизвикува основно разбранување на постојните даночни системи.

Едноставноста и коректноста се природни карактеристики на даночната реформа, наречена рамен данок.

Постојат два основни аргументи во прилог на рамниот данок: развој и чесност. Многу економисти се привлечени од идејата за рамен данок бидејќи старите даночни системи, со високите стапки и дискриминаторскиот однос кон заштедите и инвестициите, го намалуваат, а во одредени случаи и стагнираат развојот, ги уништуваат работните места и го намалуваат приходот. Рамниот данок не го елиминира даночниот удар врз приходот генерално гледано.

Како и да е, најсилен аргумент и најубедувачки факт за прифаќање на систем на рамен данок е неговата чесност. Комплицираните даночни пријави и процедури, даночни упатства и многуте маки на даночните обврзници при пријавувањето на приходите, сега се заменети со едноставни обрасци.

Рамниот данок нуди многу бенефиции и поволности за една држава како што се:

Побрз економски раст. Рамниот данок го поддржува зголемувањето на вработувањето (отварање на работни места), заштедите и инвестициите. Со зголемувањето (поттикнувањето) на продуктивното економско однесување, исто така, долгорочно би се зајакнал порастот на нивото на економскиот развиток.

Чесност. Рамниот данок ги третира луѓето еднакво. Богатиот даночен обврзник со 1.000 пати поголем приход кој е предмет на оданочување од друг субјект, би плаќал 1.000 пати поголем данок.

Крај на микроуправувачко и политичко фаворизирање. Рамниот данок ослободува од можности за користење одбитоци, "дупки во законите", даночните кредити и изземања т.е. намалувања на даночната основа.

# 8. Бизнис демографија и бизнис динамика

Владата на Република Македонија веќе неколку години имплементира стратегии, мерки, акциони планови и политики се со цел да овозможи услови за непречен бизнис демографски развој на земјата. Преку реализација на акционите планови, ќе се постигне намалување на социјалните разлики по било која основа и создавање на услови за развој на човековиот потенцијал и негов постојан придонес кон зголемување на социјалното заедништво. Акционите планови ќе овозможат услови за зголемување на природниот пораст на населението и намалување на внатрешните и надворешните миграции и други социјални феномени кои влијаат негативно на демографските состојби во земјата.

## 8.1 Активни претпријатија по општини

Активните претпријатија поделени по општини исто така претставува значаен индикатор кој укажува на густината на претпријатија во одредени региони. Всушност, како што бројот на претпријатија во даден регион се зголемува, истиот регион станува поразвиен и се зголемува конкуренцијата помеѓу претпријатијата. Освен Скопје, каде што најголем дел од претпријатијата се лоцирани, постојат и други региони во земјата во кои бројот на претпријатија е релативно висок во поглед на бројот на жители од тој регион.

Бројот на активни претпријатија во 2009 година во Скопскиот регион изнесуваше речиси 39% од вкупниот број на претпријатија. Градови кај кои исто така функционираат голем број на претпријатија се и Битола (3795), Тетово (3707), Куманово (3010), Струмица (2799), Прилеп (2567) и Охрид (2490). Бројот на претпријатија е обично пропорционален со бројот на жители кои живеат во одредениот регион. Во поголемите региони и бројот на претпријатијата е поголем.

**Табела 8-1 Број на активни претпријатија по општини**

| Општина | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|
| АЕРОДРОМ | 1570 | 642 | 15 | 5 |
| АРАЧИНОВО | 53 | 35 | | |
| БЕРОВО | 278 | 72 | 1 | |
| БИТОЛА | 2583 | 889 | 29 | 6 |
| БОГДАНЦИ | 180 | 79 | 5 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| БОГОВИЊЕ | 208 | 68 | 3 | |
| БОСИЛОВО | 140 | 60 | | |
| БРВЕНИЦА | 168 | 48 | 1 | |
| БУТЕЛ | 774 | 296 | 16 | 4 |
| ВАЛАНДОВО | 218 | 82 | 4 | |
| ВАСИЛЕВО | 92 | 41 | 1 | |
| ВЕВЧАНИ | 78 | 13 | | |
| ВЕЛЕС | 688 | 307 | 18 | 4 |
| ВИНИЦА | 318 | 127 | 5 | 1 |
| ВРАНЕШТИЦА | 7 | 3 | | |
| ВРАПЧИШТЕ | 181 | 28 | | |
| ГАЗИ БАБА | 1686 | 856 | 57 | 17 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 660 | 319 | 9 | 2 |
| ГОСТИВАР | 1165 | 346 | 7 | |
| ГРАДСКО | 39 | 13 | 1 | |
| ДЕБАР | 147 | 40 | 1 | 1 |
| ДЕБАРЦА | 85 | 25 | 2 | |
| ДЕЛЧЕВО | 289 | 89 | 1 | |
| ДЕМИР КАПИЈА | 70 | 21 | | |
| ДЕМИР ХИСАР | 178 | 50 | 1 | |
| ДОЈРАН | 63 | 21 | | 1 |
| ДОЛНЕНИ | 156 | 14 | | |
| ДРУГОВО | 43 | 6 | | |
| ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 1020 | 412 | 5 | 1 |
| ЖЕЛИНО | 171 | 59 | 2 | |
| ЗАЈАС | 90 | 11 | | |
| ЗЕЛЕНИКОВО | 51 | 14 | 2 | |
| ЗРНОВЦИ | 27 | 15 | | |
| ИЛИНДЕН | 302 | 105 | 9 | 2 |
| ЈЕГУНОВЦЕ | 82 | 15 | 1 | 1 |
| КАВАДАРЦИ | 1123 | 414 | 7 | 3 |
| КАРБИНЦИ | 31 | 21 | 1 | |
| КАРПОШ | 2249 | 1147 | 47 | 11 |
| КИСЕЛА ВОДА | 2427 | 1068 | 34 | 3 |
| КИЧЕВО | 813 | 156 | 4 | |
| КОНЧЕ | 65 | 13 | 8 | |
| КОЧАНИ | 765 | 298 | 1 | |
| КРАТОВО | 162 | 48 | 20 | 1 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 228 | 62 | | |
| КРИВОГАШТАНИ | 81 | 23 | | |
| КРУШЕВО | 193 | 26 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| КУМАНОВО | 2120 | 627 | | |
| ЛИПКОВО | 158 | 40 | | |
| ЛОЗОВО | 15 | 4 | 1 | 1 |
| МАВРОВО И РОСТУША | 92 | 20 | 2 | |
| МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 129 | 29 | | 1 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 126 | 24 | 1 | |
| МОГИЛА | 112 | 14 | | |
| НЕГОТИНО | 485 | 156 | 7 | 2 |
| НОВАЦИ | 67 | 6 | 1 | |
| НОВО СЕЛО | 160 | 53 | 1 | |
| ОСЛОМЕЈ | 65 | 15 | | |
| ОХРИД | 1762 | 611 | 14 | 1 |
| ПЕТРОВЕЦ | 113 | 37 | 1 | |
| ПЕХЧЕВО | 142 | 30 | | 1 |
| ПЛАСНИЦА | 39 | 4 | | |
| ПРИЛЕП | 1905 | 552 | 12 | 4 |
| ПРОБИШТИП | 177 | 72 | | 1 |
| РАДОВИШ | 674 | 193 | 2 | 3 |
| РАНКОВЦЕ | 13 | 11 | | |
| РЕСЕН | 304 | 102 | 1 | 1 |
| РОСОМАН | 73 | 22 | | |
| САРАЈ | 306 | 107 | 3 | |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 299 | 110 | 4 | 1 |
| СОПИШТЕ | 78 | 15 | | |
| СТАРО НАГОРИЧАНЕ | 31 | 4 | | |
| СТРУГА | 1532 | 287 | 4 | 1 |
| СТРУМИЦА | 1439 | 627 | 17 | 2 |
| СТУДЕНИЧАНИ | 127 | 68 | 1 | |
| ТЕАРЦЕ | 172 | 29 | | |
| ТЕТОВО | 1433 | 527 | 14 | 1 |
| ЦЕНТАР | 3607 | 2027 | 92 | 28 |
| ЦЕНТАР ЖУПА | 26 | 7 | | |
| ЧАИР | 1176 | 324 | 2 | 1 |
| ЧАШКА | 43 | 10 | | |
| ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО | 79 | 27 | 1 | |
| ЧУЧЕР – САНДЕВО | 90 | 28 | 1 | |
| ШТИП | 972 | 509 | 17 | 1 |
| ШУТО ОРИЗАРИ | 171 | 25 | | 2 |
| ВКУПНО | 42309 | 15850 | 517 | 115 |

Ивор: Централен регистар

### 8.2 Занаетчии

Законот за вршење на занаетчиска дејност во Република Македонија беше усвоен во 2004 година, и го замени стариот закон од 1998 година. Во новиот закон е утврдена дефиницијата за тоа што претставува занаетчијата и што се смета за занаетчиска дејност. Овој нов закон го дефинира занаетчијата како секое физичко лице кое е регистрирано во Регистарот на занаетчии. Информации кои се собираат во Регистарот на занаетчии се :

-Име, татково име, презиме и адреса на живеење;

-Матичен број на лицето;

-Активности кои се превземаат и шифри на тие активности во согласност со НАЦЕ; и

-Име на компанијата, кратко име на компанијата ( ако е возможно), локација и адреса на просториите.

Затварањето на дејноста на занаетчијата може да се изврши само ако (според она што е наведено во Законот):

-Занаетчијата биде вработен во друга компанија, ако истиот се пензионира или започне со друга деловна активност;

-Ако занаетчијата отиде во затвор повеќе од 6 месеци;

-Во случај на смрт на занаетчијата;

-Други ситуации утврдени со Законот.

Во табелата 2-2 е прикажан бројот на занаетчии поделени по општини кои поднеле годишна сметка во централниот регистар на Република Македонија.

**Табела 8-2 Занаетчии по општини**

| Општина | Број на субјекти |
|---|---|
| АЕРОДРОМ | 34 |
| БЕРОВО | 14 |
| БИТОЛА | 8 |
| БОГДАНЦИ | 2 |
| БОГОВИЊЕ | 6 |
| БОСИЛОВО | 11 |
| БРВЕНИЦА | 5 |
| БУТЕЛ | 36 |
| ВАЛАНДОВО | 6 |
| ВАСИЛЕВО | 2 |
| ВЕВЧАНИ | 2 |
| ВЕЛЕС | 102 |

| | |
|---|---|
| ВИНИЦА | 21 |
| ВРАПЧИШТЕ | 33 |
| ГАЗИ БАБА | 70 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 35 |
| ГОСТИВАР | 176 |
| ГРАДСКО | 3 |
| ДЕБАР | 21 |
| ДЕЛЧЕВО | 2 |
| ДОЈРАН | 2 |
| ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 45 |
| ЗАЈАС | 1 |
| ИЛИНДЕН | 9 |
| ЈЕГУНОВЦЕ | 3 |
| КАВАДАРЦИ | 42 |
| КАРПОШ | 102 |
| КИСЕЛА ВОДА | 133 |
| КИЧЕВО | 33 |
| КОЧАНИ | 55 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 25 |
| КРИВОГАШТАНИ | 1 |
| КРУШЕВО | 4 |
| КУМАНОВО | 71 |
| МАВРОВО И РОСТУША | 1 |
| МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 1 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 4 |
| НЕГОТИНО | 6 |
| НОВО СЕЛО | 3 |
| ОСЛОМЕЈ | 2 |
| ОХРИД | 39 |
| ПЕТРОВЕЦ | 2 |
| ПЕХЧЕВО | 2 |
| ПЛАСНИЦА | 1 |
| ПРИЛЕП | 32 |
| ПРОБИШТИП | 22 |
| РАДОВИШ | 10 |
| РАНКОВЦЕ | 1 |
| РЕСЕН | 4 |
| САРАЈ | 5 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 16 |
| СОПИШТЕ | 1 |
| СТРУГА | 17 |
| СТРУМИЦА | 115 |
| СТУДЕНИЧАНИ | 1 |
| ТЕАРЦЕ | 4 |
| ТЕТОВО | 148 |
| ЦЕНТАР | 201 |
| ЦЕНТАР ЖУПА | 3 |
| ЧАИР | 76 |

| | |
|---|---|
| ЧАШКА | 2 |
| ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО | 4 |
| ЧУЧЕР - САНДЕВО | 3 |
| ШТИП | 38 |
| ШУТО ОРИЗАРИ | 9 |
| ВКУПНО | 1888 |

Извор Централен Регистар

### 8.3 Трговец поединец

Трговец-поединец е физичко лице кое, во вид на занимање, врши некоја од трговските дејности определени со Законот за трговските друштва. Важно е да се потенцира дека како трговец-поединец може да се јави само физичко лице. Како трговец-поединец може да се запише во трговскиот регистар секое деловно способно физичко лице со постојано место на живеење во Република Македонија.

Како трговец-поединец не може да биде регистрирано физичко лице:

1. над кое е отворена стечајна постапка;
2. за кое, со правосилна одлука на судот, е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања додека трае забраната за вршење на дејноста утврдена со одлуката на судот;
3. на кое надлежен орган, врз основа на закон, му забранил да врши некоја од дејностите определени со Законот за трговските друштва, додека трае забраната.

Едно физичко лице запишано како трговец-поединец не може, истовремено, по која било основа, да биде запишано како трговец-поединец под друга фирма.

Трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

Овој начин на вршење трговска дејност е брз, едноставен, без големи формалности и слично. Со еден збор, многу флексибилен. Но, ограничувањата и слабостите му се побројни: тешко се добиваат екстерни извори на финансирање (кредити од банки или други позајмици); се врзува со доброто здравје и со капацитетот на физичкото лице; тешко се наоѓаат деловни партнери кои немаат увид колкав е имотот на физичкото лице трговец-поединец; и, конечно, трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

## Табела 8-3 Трговец поединец по градови

| 2009 | | |
|---|---|---|
| Град | Број на ТП | (%) од вкупно |
| Скопје | 1758 | 27.13 |
| Берово | 77 | 1.19 |
| Битола | 106 | 1.64 |
| Гевгелија | 181 | 2.79 |
| Струмица | 221 | 3.41 |
| Тетово | 913 | 14.09 |
| Валандово | 11 | 0.17 |
| Струга | 83 | 1.28 |
| Велес | 591 | 9.12 |
| Виница | 57 | 0.88 |
| Кичево | 132 | 2.04 |
| Гостивар | 630 | 9.72 |
| Дебар | 254 | 3.92 |
| Охрид | 98 | 1.51 |
| Делчево | 75 | 1.16 |
| Неготино | 67 | 1.03 |
| Крушево | 25 | 0.39 |
| Кочани | 274 | 4.23 |
| Кавадарци | 119 | 1.84 |
| Штип | 147 | 2.27 |
| Радовиш | 24 | 0.37 |
| Кратово | 17 | 0.26 |
| Крива Паланка | 187 | 2.89 |
| Прилеп | 95 | 1.47 |
| Куманово | 97 | 1.50 |
| Свети Николе | 61 | 0.94 |
| Македонски Брод | 16 | 0.25 |
| Пробиштип | 132 | 2.04 |
| Ресен | 31 | 0.48 |
| Вкупно | 6479 | 100.00 |

Извор Централен Регистар

# 9. МСП Иновации истражување и развој

Иновација е воведување на нов или значително подобрен производ, процес, организационен метод, или маркетиншки метод на една компанија. Иновацијата мора да биде нова за  компанијата, иако оригинално може да биде развиена од друга компанија.

Од аспект на развојот на индустријата владата на Република Македонија е во завршна фаза на усвојување на Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, чија главна цел е токму зголемување на конкурентноста на домашната индустрија, базирана на знаење, иновации и истражувања, кои водат кон раст и развој, создавање стимулативна деловна и инвестициона клима и поддршка на претпријатијата за подобрување на нивните конкурентни способности и пристап до нови пазари. Оваа политика е во согласност со индустриската политика на Европската унија која ги следи препораките на Лисабонската стратегија за создавање економија базирана на знаење, иновации и претприемништво. Дефинирани се неколку области за интервенција и предложени се конкретни мерки: меѓународна соработка на клучните учесници во економскиот развој и поттикнување на странските директни инвестиции. Применливо истражување, развој и иновации; еколошки технологии, производи и услуги за одржлив развој; развој на МСП и претприемништво; и соработка во кластери и врежување. Поаѓајќи од фактот дека конкурентноста е комплексна категорија, неопходно е да се влијае со разни мерки во насока на зголемување на капацитетите на фирмите со нови знаења, поттикнување на истражување и развој, овозможување на полесен пристап до информации и мерки кои ја поттикнуваат соработката, креативноста и развојот на претприемачкиот дух кај фирмите. Министерството за економија, преку своите постојни програми: Програма за поттикнување на конкурентноста на македонски производи и услуги; Програмата за развој на претприемништво, конкурентност и иновативност на мали и средни претпријатија; и Програма за развој на кластерското здружување; како и преку нови програми и мерки од индустриската политика, активно работи на создавање на поволна клима за работа и поттикнување на развојот и конкурентноста на фирмите и економијата.

Програмите се дизајнирани со цел финансиска поддршка на деловните субјекти во создавање на производи и услуги кои ќе ги задоволат строгите критериуми и стандарди за квалитет на странските пазари, како и нивна промоција на разни меѓународни манифестации. Годинава тоа подразбира надоместување на дел од трошоците за: сертификација на *ИСО, ХАЦЦП, СА 8000. За изработка на идејно решение за индустриски дизајн на производ, за поднесување на меѓународна пријава на патент. Учество на конференции, саеми, работилници, бизнис-форуми и други промотивни настани. Како и изработка на промотивни материјали за одредени индустриски гранки.

Имено, како една од 9-те приоритетни програми на ЕУ, Рамковната програма за конкурентност и иновации 2007- 2013 е со посебна важност. Таа е директно насочена кон бизнис-секторот, во насока на поддршка за можностите за потенцијалните европски партнерства, нивно ангажирање во заеднички проекти во рамки на ЦИП-програмата, координација на проектни апликации поддржани од Програми на Европската заедница, при што се воспоставуваат директни контакти со компании и институции заинтересирани за програми на Европската заедница каде активно се промовираат услугите на новата Европска мрежа на компании (ЕЕН) меѓу домашните компании, преку различни настани во земјата. Со повеќе обуки и техничка помош се овозможува зголемување на човечкиот капитал и подобрување на претприемачките вештини. Стимулирана е практична обука во претпријатијата преку работата на Фондот за развој на човечки ресурси (ХРДФ). Досега повеќе од 300 менаџери од 100 претпријатија учествуваа на тренинзите организирани од Фондот, а исто така беше реализирана и обука на тренери.

# 10.Профитабилност, инвестиции и финансии

Во 2009 година приливите на капитал во помалку развиените економии беа значително намалени, при изразена одбивснот кон ризик, недоволна ликвидност, намалена доверба, како и склоност на инвеститорите за инвестирање на својте расположливи средства во сопствените економии.

Како резултат на зголемениот интерес за инвестирање во потенцијалот на Македонија, голем број меѓународни компании почнаа промет во земјата, како во "гринфилд" проекти и преку различни видови на средства за стекнување и приватизација. Некои од значајни странски инвеститори вклучуваат "Џонсон Мети" (Велика Британија), Мобилком Австрија (Австрија), ЕВН (Австрија), T-Home (Германија), Сосиете женерал (Франција), "Џонсон контролс" (САД), Националната банка на Грција (Грција ), Грчка компанија флаширање SA (Грција), QBE Insurance Груп Лимитед (Велика Британија), "Митал стил (Холандија), Дуферко (Швајцарија), и на Титан Групација (Грција).

Од табелата 10-1 може да се види кои држави и со колкав процент инвестираат во Република Македонија.

**Табела 10-1 Странски директни инвестиции**

| Држава | % Од вкупните странски директни инвестиции акции |
|---|---|
| Холандија | 16.9 |
| Унгарија | 16.6 |
| Грција | 15.2 |
| Австрија | 9.4 |
| Швајцарија | 6.6 |
| Словенија | 6.5 |
| Велика Британија | 4.0 |
| Германија | 3.4 |
| Луксембург | 2.8 |
| Србија | 2.6 |
| Останати | 16.0 |

Програма за јавни инвестиции 2009-2011 беше подготвена во согласност со планот за работа на Владата на Република Македонија. Програмата се обраќа на инвестициски проекти во јавната инфраструктура, како и секторските развојни политики. Се предвидува дека од 2009 постепено јавни инвестиции ќе се зголеми до околу 7% од БДП, што е просекот во новите членки на ЕУ.

Програма за јавни инвестиции содржи 90 тековни инвестициони проекти со вкупен проценет трошок од 2,492.04 € милиони евра. Повеќето проекти се во следниве сектори: енергија, транспорт, водостопанството, комуналните услуги, животна средина, образование и наука, за здравство, итн.

Во 2009 година финансискиот сектор на Република Македонија остана со релативно едноставна структура со изразена доминација на банките. Основна карактеристика во текот на годината беше забавувањетоа на растот на средствата на финансикиот сектор. Во услови на релативно едноставна пазарна структура, без присуство на сложени финансиски групации и се уште ограничена понуда на финансиски инструменти  и услуги, степенот на меѓусекторска поврџаност помеѓу одделните институционални сегменти и можностите за прелевање на ризиците од еден во друг интитуционален сегмент, се задржаа на ниско ниво. Нешто поизразена е зависноста на останатите сегменти од финансискиот систем од банкарскиот сектор, коишто претставуваат значајна ставка во активата кај дел од нив. Забавувањето на растот на вкупните средства беше главна карактеристика на на финансискиот сектор во Република Македонија во текот на 2009 година. Не се забележаа позначителни промени во однос на учеството на одделните видови финансиски институции во целокупниот финансиски сектор. На крајот на 2009 година, вкупните средства на финансискиот сектор забележаа годишен пораст од 7,9%, што е двапати помала стапка на пораст во однос на растот во претходната година. Банките ја заджаа својата улога на најзначаен институционален сегмент, иако нивното учество во вкупните средства на финансискиот сектор незначително се намали. Финансискиот сектор на Република Македонија спаѓа во групата на банкоцентрични системи и стабилноста на банкарскит систем има најзначајна улога во одржувањето а стабилноста на целиот финснсики сектор.

# Користена литература


Даллаго, Б. (2003), *Важноста на малите и средни претпријатија за економиите во транзиција,* Публикација на ОН.

Државен завод за статистика (2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006*,* 2007,2008 и 2009), *Бруто домашен производ на Република Македонија 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007 и 2008* Скопје

Државен завод за статистика (2002 и 2003), *Истражување на пазарот на работна сила Април 2002 и 2003*, Скопје

Донаторски кредитни линии за МСП во Македонија, *Проект за поддршка на Министерството за економија управуван од Европска агенција за реконструкција. Септември 2004,* Скопје

Европска Повелба за мали и средни претпријатија (2003, 2004, 2005, 2006, 2008 и 2009), Национален извештај *2003, 2004, 2005, 2006, 2008* и 2009 Скопје

Европска Комисија (2004), *Извештај за имплементација на Европската Повелба за мали и средни претпријатија во земјите од западен Балкан*, Брисел

Завод за платен промет (2000), *База на податоци за мали и средни претпријатија* 1999, Скопје

Закон за сметководство (Службен весник на РМ бр. 42/93, 48/93, 6/95, Уставен Суд бр. 247/95, 248/95, 271/95, 304/95, 3/96, 32/98, 39/99 и 70/01)

Закон за трговски претпријатија (Службен весник на РМ бр. 28/96 Амандмани објавени во Службен весник бр. 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/00, 31/01, 06/02 и 61/02)

Институт за претприемништво и раководење со мал бизнис (декември 2000), *Slovene Entrepreneurship Observatory 2000*, Марибор

Канцеларија за заштита на интелектуални права (2000), *Студија на податоци од анкетата на терен 571 претпријатие во Република Македонија во врска со активностите на проектот за формирање центар за технолошко набљудување*, Скопје.

Македонска банка за поддршка на развојот (2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007,2008 и 2009), *Годишен Извештај 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007 2008,2009* Скопје

Министерство за економија (2003) Серија на законодавни документи кои се однесуваат на претпријатијата, Скопје

Министерство за финансии на Република Македонија (2003), Билтен 11-12, Скопје.

Народна Банка на Република Македонија (2004), *Годишен Извештај* 2003, Скопје.

Опсерваторија за МСП во Македонија (2002, 2003, 2004, 2005, 2007 и 2008), *Годишен Извештај* 2002, Скопје.

Опсерваторија на Европските МСП бр. 2 (2002), *МСП во Европа, вклучувајќи и првичен осврт на кандидатите земји за членство во ЕУ,* Луксембург.
ОЕЦД Конференција на министерствата за мали и средни претпријатија (2004), *МСП статистика: кон посистематски статистички мерења на однесувањето на МСП*, Истанбул.

ОЕЦД - ЕБРД (септември 2003), Југоисточен европски регион - *Регионална оцена на политиката за претпријатија,* ОЕЦД, Париз.

ОЕЦД - ЕБРД (октомври 2003), Р. Македонија - *Регионална оцена на политиката за претпријатија,* ОЕЦД, Париз.

Пендев, Д. *ет ал*. *Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија* (2002), Економски Институт, Астра Арт, Скопје.

Регионална агенција за развој на претпријатија, Прилеп, Истражување за МСП во регионот на Прилеп, Прилеп.

Руски истражен центар за МСП (2002), *Руски Извештај за Опсерваторијата на МСП 2001*, Москва.

СЕЕД (2002), Побарувачката на услуги за развој на бизнисот на малите и средни претпријатија во Македонија, Скопје.

Тхусс, Холгер Ј. (2003), Улогата на МСП во вкупната економија. 7-ми Форум на експерти во Македонија, Скопје.

ФИАС (2003), Административни процедури за бизнис во Македонија, Скопје.

Фондација за развој на претпријатијата во Македонија (2002), *Активности за мали и средни претпријатија во Македонија*, Скопје.

Централен регистар (2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006,2007 и 2008), *База на податоци за домашни сметки и правни лица* 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007,2008 и 2009, Скопје.